# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 ноември 2007 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата наскоро продолжуваме.

Господа пратеници, продолжуваме по 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Хади Незири, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска, Данаил Дончев, Роза Топузова Каревска, Оливер Шамбевски, Азис Положани, Агрон Буџаку, Али Ахмети, Фазли Велију, Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претресот по интерпелацијата.

Збор има господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван, се уште, претседател на Собранието на Република Македонија, почитувани колеги, почитуван заменик министер.

На почеток да го изразам крајниот револт за настаните што се случија вчера за грубото и антиделовничко прекршување на работата на Парламентот, антиделовничко прекинување на седницата односно на интерпелацијата на заменик министерот господинот Рефет Елмази.

Таму каде што почнува да функционира силата, јасно е дека од истата врата излегува демократијата тоа е ова Собрание.

Вчера, почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија прекршивте два члена на Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Според член 48 претресот на интерпелацијата се прекинува ако едно се постави прашање за доверба на Владата, а тоа не се случи, два, Владата поднесе оставка, за жал и тоа не се случи, три, претседателот на Владата поднесе предлог за разрешување на членот на Владата и за чија работа е поднесена интерпелација, тој филм нема да го гледаме. Четврто, носителот на јавната функција да поднесе оставка. Тоа се уште не го доживеавме. И, само така можете да прекинете седница кога е поднесена интерпелација. Вие ќе кажете не, но одбрана од прекришување на член 79 немате за она што го кажа колегата Ружди Матоши. Член 79 се занимава со прекин на седница. Точно е дека седницата може да се прекине кога за тоа ќе одлучи Собранието по предлог на претседателот на Собранието, пратеничка група или 10 пратеници, заради дополнителни консултации при прибавување на мислење од Владата.

Прво, вие тоа вчера не го констатиравте и сега доаѓаме до третиот најголемиот прекршок, внимавајте, времето за продолжување на прекинатата седница го определува претседателот на Собранието не подолго од 1 час. Не само што имавте пауза подолга од 1 час, вчера имавте пауза од цел ден.

Почитувани, на координацијата која што ја имавме пред оваа седница, прво, беше договорено дека во овие денови 14, 15, 16 и 17-ти нема да ставаме ниту една точка на гласање, тоа беа ваши зборови поради она што ќе го кажам подоцна за отсутните парламентарци од работата на Собранието и беше договорено, затоа имаме записник и тој записник ќе го приложам до медиумите и до секој пратеник, до граѓаните и кој сака, вчера седницата да заврши и бевме и јас и координаторот, сега очигледно првиот на ВМРО-ДПМНЕ го нема, разговаравме заедно со господиниот Рафис Алити, се вративме на координација и вие со задоволство констатиравте дека нашиот дијалог беше успешен и дека можеме да заклучиме дека седницата треба да заврши вчера.

Се што го ветив од име на ЛДП како предлагач, се испочитував и вие тоа претседател го знаете. Вие тоа не го сторивте, прекршивте буквално се од договореното и она за кое што имаме записник од координацијата од Собранието на Република Македонија. Бев прилично наивен, иако ова ми е пета година во Собранието, верував дека после пораките од НАТО дека е потребна соработка и дијалог со опозицијата и дека е потребно расчистување на инцидентот во Собранието на Република Македонија. Верувам дека после извештајот на Европската унија, се сеќавате на средбата заедничка што ја имавме помеѓу господинот Фуере и од друга страна претседателот на Собранието на Република Македонија и координаторите ви беше укажано дека треба да имате соработка како најважна соработка со опозицијата на Република Македонија. Но, вчера докажавте дека тоа вас не ви е битно, ниту НАТО, ниту Европската унија.

Сакам да и соопштам на јавноста дека две главни причини се зошто вчера се случи прекинот.

Првиот е, да се прикаже сепак дека господинот Рефет Елмази воопшто не е така лош, дека тој е новиот херој, дека е тој новиот Александар Македонски, новиот Супермен кој всушност сега ја брани Република Македонија од како што вчера кажа, од терористите, а не како што кажа неговата шефица министерката, од криминалните структури. Точно е, тепа во Собранието, меѓутоа тепа и надвор од Собранието. Тоа му е во навика на човекот и тој не е воопшто толку лош. Тепа овде, но добро е тепа и надвор. Меѓутоа, сето тоа ви е џабе. Сакам да ви укажам, џабе ви е затоа што интерпелацијата е поднесена за инцидентот во Собранието на Република Македонија и

навистина можеби господинот Рефет Елмази инзвонредно си ја извршува работата, тоа ќе покаже времето, истрагата итн. Можеби и сите ние како опозиција или како предлагачи од страна на ЛДП се надеваме дека тој одлично си ја извршил таа работа во таа акација. Меѓутоа, интерпелацијата за нешто за што виде целата јавност и за што Брисел бара одговор и за кој што и самиот, како што знаете, заменик министер нема одговор на тоа прашање. Така што, со тоа не можете ништо да промените.

Второ, зошто се одлучи парламентарното мнозинство да направи таков пресврт за денес да биде гласањето, она за што сакам да ги информирам медиумите, и преку овој микрофон граѓаните на Република Македонија дека денес е закажана посета на Брисел, на седиштето на НАТО и закажана е посета на билатералната комисија за соработка помеѓу Македонското Собрание и Бундестагот односно Собранието на Република Германија. Веќе две недели наназад ви укажувам на вас, на моите колеги и исто така на службите, веќе имам искуство да осетам што се правеше цело време со оваа посета. Сакам да ги информирам медиумите дека целата делегација која што е одредено да оди во посета на Бундестагот е во состав исклучиво од пратеници на опозицијата, па откако вчера се повлече еден од пратениците, а и јас се повлеков и јас сум во таа делегација, сфајќајќи што е што работата, вметнат е еден припадник на владиното мнозинство, на парламентарното мнозинство, но знаете кој, господинот Веле Митановски, човекот кој што изјави дека нема да го подржи Рефет Елмази. Значи, ниту еден претставник од ВМРО-ДПМНЕ не оди во Бундестагот, ниту еден претставник од ДПА итн. Исто, делегацијата за Брисел создадена од членови кои што одат, односно кои што се од страна на опозицијата. Меѓутоа, сакам да ги уверам пратениците од ВМРО-ДПМНЕ дека не сметам дека ова е ваша вина, ова е сценарио на господинот Тачи и на господинот Груевски, истиот оној Груевски, премиер, претседател на Владата на Република Македонија кој што нема храброст да се спротистави на господинот Тачи, кој што нема храброст да го смени неговиот пулен Рефет Елмази. За жал, точно 50 дена сме заложници како Парламент, како Влада и како држава. На еден човек, кој не сака да си оди и на неговата партија ДПА која што се изјавува, ако биде сменет господинот Рефет Елмази, ќе падне Владата, ќе има криза во Република Македонија.

Наша дилема за крај беше, дали да ги повлечеме пратениците како опозиција да не одат или да останат тука во Собранието на Република Македонија и да дискутираат. Ние сме одговорна опозиција, да не зборувам, да потсетам дека посетата на НАТО е платена од страна на НАТО. Да се откаже посета во овој момент на НАТО, во круцијалните моменти кога очекуваме подршка, ќе беше срамота, а да не зборувам исто така за откажување на посета од страна на македонското Собрание на Собранието на Германија односно на Бундестагот.

Почитуван претседателе,

Вие треба веднаш да си поднесете оставка. Вие повторно го прекршивте Деловникот, вие повторно ја прекинавте, смејте се колку сакате, почитуван претседателе, вие немате капацитет и квалитет да го водите ова Собрание. Прочитајте го извештајот и тоа ќе го доживеете.

Број два, сакам да ви соопштам дека додека вие сте претседател на Собранието на Република Македонија, јас како координатор, ниту било кој член на ЛДП, нема да присуствува на координациите кои што вие ги организирате, бидејќи тие едноставно немаат смисла. Ние и понатаму ќе пиеме кафе, ние и понатаму ќе излегуваме со нашите сопруги, меѓутоа јас со вас како претседател на Собранието на Република Македонија, нема да имам координација.

На крај, очигледно е дека ние денес нема да имаме мнозинство. Очигледно е дека ова сценарио беше одамна планирано со еден наивен обид целата опозиција да ја испратиме со еден авион да оди надвор од Европа, да можете да останете сами и успеавте во тоа.

Затоа, предлагаме, веднаш да го доставите предлогот на гласање, веднаш да се види колку е часот. Едно е точно, ние нема да имаме мнозинство, но јавноста домашна и меѓународна треба да види кој во ова Собрание, кој политички сили во Република Македонија го подржуваат насилството направено од страна на господинот Рефет Елмази.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има реплики? (Да)

Процедурално имаме, Јани Макрадули и Весна Бендевска, како и Есад Рахиќ, па потоа Бесим Догани.

Прво, да ги поминеме процедуралните, ве молам.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Иако, мислам дека должите објаснување на она што господинот Жерновски како предлагач го наведе, но бидејќи продолживте со прозивката на пратеници кои се јавиле за процедурално, јас ќе повторам можеби се извинувам кон господинот Жерновски, нешто што тој го акцентираше во својот настап, пред се како предлагач. Имено, и пратеничката група на СДСМ изразува разочарување и револт за уште еден можеби смртоносен удар на демократијата во Република Македонија, каде што е повредена конситуцијата Собрание на Република Македонија кое треба да биде чувар на демократијата во една држава. Да изразам револт и протест зошто е прекршен член 59, прво, став 2, каде што се вели дека: "претседателот на Собранието со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи работи врз основа на усогласување на ставовите", кое што за жал, без разлика што го лажете господинот Фуере дека свикувате секојдневни координации на тоа и се

договараме што ќе правиме, надвор од договореното на координација вчера се презеде еден чин врз демократијата под присила на коориднаторот на пратеничката група на ДПА и да побарам од вас да одговорите, она што не му одговоривте на господинот Жерновски. Зошто го прекршивте член 79 став 4 и времето за продолжување на прекинатата седница беше подолго од 1 час и кој аргумент го најдовте во член 79 став 3, кога пратеничката група на ДПА, ниту е предлагач на законот, ниту е Влада па да и се потребни дополнителни консултации.

Од сега натаму секоја интерпелација ќе завршува на овој начин. Парламентарното мнозинство, плашејќи се од исходот ќе побара дополнителни консултации и вие со силата на мнозинството ќе ја прекинете седницата за прв пат во историјата на демократијата на Република Македонија. Истото ќе се случи кога ќе дојде интерпелацијата за Вера Рафајловска. Ќе зборува еден, ќе побара парламентарното мнозинство да се прекине, вие ќе прекинете.

Затоа претседателе, објаснете ми, согласно Деловникот, да ми дадете одговор деловнички каде го најдовте аргументот по член 79 став 3 на ДПА да се прекине седницата и зошто прекинот траеше надвор од Деловникот подолго од еден час. Искористете ја паузата, ако ја имате, за регулирање на домашното воспитание на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ што дофрлуваат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега мене ми е редот да ви одговорам на процедуралните забелешки.

Прво, околу договорите. Точно е тоа дека претседателот работи и треба да работи и фала богу во повеќе случаи работи во договор со координаторите, но, кога се тие присутни на координација.

Исто така е точно дека секој политички субјект, секој без разлика, на Парламентот нема обврска кон ниту еден договор на кој тој не присуствувал. Нема обврска. Тоа не ни етички да има обврска, не е ни политички, не е ни демократски, а не е ни деловнички. Тоа никаде не го пишува.

Точно е исто така дека тој може да чувствува обврска кон некој договор на кој тој не учествувал, но тоа е негово право на избор. Најточно од се е дека ние не сме договорна држава, а сме правна држава. Тоа е најточното. Тоа е околу договорите.

Второ, околу наводното прекршување на Деловникот. Јас не постапив по член 48 затоа што не беше случајот да се постапи по член 48. Член 48 пропишува прекин на расправата за секогаш, ад акта, во случај на оставки. Во случај ако некој даде оставка, оној некој на кого е дадена интерпелацијата и даде оставка, тогаш навистина се оди ад акта затоа што е беспредметен разговор.

Во случај господинот заменик министер да дадеше оставка јас не само што ќе постапев по член 48, туку ќе го земев и предвид односно седницата ќе се распуштеше.

Овде има едно големо недоразбирање. Имено, големото недоразбирање е во тоа што во Собранието уште на времето е наведен еден колоквијален израз за пауза. Деловникот не признава поим на пауза. Секаде во Деловникот се говори за прекин. Големото недоразбирање од вчера е во тоа што едни прекинот го интерпретираа како прекин во смисла на член 48, затоа што гледате, никој нема илузии дека овој Деловник е совршен и во член 48 се говори за прекин, но од духот произлегува дека тој прекин не е пауза. Штом даде оставка човекот, готово, нема што да се расправа.

Значи, кога се работи за член 79 по кој е постапено кристално јасно и чисто, тука се говори за барање на пратеник за прекин, така пишува, тоа е ставено и на гласање. Во моментот кога се стави на гласање имаше голем простор две или три минути проверувавме дали имаме кворум, броевме (дофрлување од страна на пратениците од опозицијата), го броевме кворумот, недоврлувајте, ве молам, јас не ви дофрлав. Тоа не е битно, тоа е ан пасан. Јас дадов прекин. Не е точно дека беше изминат, има во белешките, видете, на 50-та или 52-та минута од прекинот јас дојдов овде, ги поканив пратениците да дојдат, некои дојдоа, некои не, малку дојдоа, тоа е исто факт кој не може да се негира, дојдоа и јас реков, бидејќи прекинот од еден час пропишан по членот 79 ќе се продолжи, нема услови повеќе да седиме. Тоа е тоа.

Значи, инсистирав да се провери дека не помина повеќе од еден час, но пред да помине еден час јас интервенирав. (Пак реакција од страна на пратениците на опозицијата). Затоа што немаше услови, тие се договараа, имаа право да се договорат.

Тишина, тишина, ве молам, разговараме сериозно, процедурално, аргументите не важат со дофрлување, ве молам. Бевме навлегле и во паузата за ручек и затоа имаше малку пратеници.

По однос на договорите, се враќам со предлог, ако сите сакаме, а треба да сакаме, договорите што ги правиме на координација да важат, тогаш треба да се постапи стрикно уставно, на секоја координација да присуствуваат сите политички субјекти на сите партии во Парламентот.

Се додека присуствуваат само пратеничките групи, сите други се апсолутно маргинализирани, третирани неуставно затоа што се нееднакви и ослободени од било каква обврска да го почитуваат договорот.

Тоа е моето процедурално објаснување.

Ве молам Жерновски да поминеме со процедурите, вие прв имавте збор.

Само уште нешто да завршам, јас сакам да потенцирам дека на господинот Жерновски не одговарав на неговите процедурални забелешки затоа што тој побара збор. И чекав друг да ги даде тие забелешки за да одговорам, не можам

да одговорам, инаку мораше тоа да го наречам реплика, а јас немав реплика, немав реплика.

Повелете процедурално или сакате говор.

**Андреј Жерновски:** Имам право да одговорам како предлагач.

Што би рекол еден политичар во Република Македонија ...

**Љубиша Георгиевски:** Господине Жерновски многу брзо се договоривме, јас ве прашав ако одите процедурално да, ако не дозволете репликите да ги завршиме, па ќе добиете збор.

**Андреј Жерновски:** Процедурално.

Што би рекол еден политичар во Република Македонија вистината е како шило врти лево, врти десно, напред, назад, ќе излезе. Сакате како предлагач, сакате процедурално, имам право и не ме прекинувајте.

Да ви одговорам, ќе биде една минута.

Погледнете го стенограмот, рековте дека сте дошле во 52-53-та минута да ја продолжите дискусијата по интерпелацијата. Рековте дека немало услови затоа што немало кворум. Повторно грешка.

**Љубиша Георгиевски:** Не е кворум...

**Андреј Жерновски:** Рековте немаше услови, немаше пратеници, имаше малку пратеници. Не ме прекинувајте. За да го продолжите претресот и дискусијата не ви треба кворум. Затоа повлечете се, немојте да се брукате, ви го кажувам ова како човек што ве почитува, како интелектуалец, не како политичар. Немојте да се брукате и понатаму.

**Љубиша Георгиевски:** За процедурално е госпоѓа Бендевска на ред, па после Бесим Догани.

Повелете госпоѓо Бендевска вашите три минути.

Ве молам госпоѓо Бонева , ќе морам да дадам пауза или прекин, како сакате, но да се договориме, ако се прави неред во салата, јас ќе реагирам доволно енергично за да се спречи нешто, а не како порано недоволно енергично.

Ве молам госпоѓо Бендевска повелете, ве молам госпоѓа Бендевска да не се пречи во изјавата. За репликите рековме после, а сега процедурално. За репликите ќе ве запишеме. Прво процедуралните, а пота репликите.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Се надевам дека целата македонска јавност кога ги слуша вашите оправдувања во поглед на процедуралните забелешки што ги добивате за вашата работа станува очигледно дека вие губите тло. Се наоѓате како во жив песок што повеќе објаснувате вие повеќе пропаѓате.

Вчера, господине претседател, по кој знае кој пат го прекршивте Деловникот, ги прекршивте правилата на игра во ова Собрание. По кој знае кој пат вие наместо процедурата како основна претпоставка на демократичниот капацитет на ова Собрание се одлучивте за вас да важат само ситно дневно политичките потреби на веќе опасно разнишаната владина коалиција.

Кога веќе толку добро умеете да објаснувате, молам господине Георгиевски да објасните зошто вчера го прекршивте членот 79 став 1 во 17,25 часот ставивте на гласање прашање за продолжување на работата на Собранието до 21,00 часот и констатиравте дека за тоа немате потребен број на пратеници во салата. Ставот 1 од членот 79 вели: Претседателот на Собранието ја прекинува седницата до колку нема мнозинство пратеници потребно за одлучување. Вие и покрај овој став продолживте да работите до 18,00 часот. Јас се надевам дека повторно ќе се обидете да дадете навистина смешен одговор зошто го направивте тоа, но фактот останува. Лично вие сте генератор на константната парламентарна криза во работата на ова Собрание. Да ве потсетам, Деловникот како основен акт на ова Собрание претставува нормативна претпоставка за ефикасна работа на Собранието. Токму заради тоа во име на работата на Собранието и во име на сите идни извештаи што Европската комисија ќе ги носи каде што како главен генератор на кризата и немањето на политички дијалог ќе се концентрира токму во редовите на Собранието, имајте доблест, заминете од таа фотеља. Веќе е крајно време. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ви благодарам на убавите желби, но ова не е биро за исполнување на желби, ова е Парламент.

Немојте да дофрлувате господине Макрадули, вие знаете дека не е учтиво да се дофрлува од место, барем вие знаете, јас говорам. Секој човек што говори не треба да се прекинува, да му се упаѓа во збор, тоа е основна учтивост и домашно воспитание.

Казниво е, смешно е да ви определувам опомена и мерка за дофрлување од место, вие знаете дека не е добро, освен ако не сте намерачиле нов скандал во Парламентот. Но, нема да го добиете затоа што јас сум совршено спокоен.

Госпоѓо Бендевска се извинувам за оваа дигресија. Да ви кажам за гласањето. Ние гласавме регуларно по еден предлог да работиме подолго. Јас имам право и деловничко и секакво како и вие да се сомневам во гласањето. Јас го повторив гласањето и немаше 61 пратеник. И работевме до 18,00 часот. Тоа беше веќе 20 минути. Допуштам за тие 20 минути да сум направил грешка, допуштам, не се секирајте, не се нервирајте, ќе дојде и вашето време, немојте, полека, допуштам, тие 20 минути ви ги допуштам дека јас сум згрешил. Готово. Се договоривме.

Следен за процедурална интервенција е господинот Бесим Догани, повелете, ве молам тишина.

**Бесим Догани:** Ви благодарам претседателе.

Сакам најпрвин да кажам дека господинот Андреј Жириновски од Либерал демократско ангелската партија го имаше најдолгото процедурално ...

**Љубиша Георгиевски:** Господине Догани, не ми земајте за зло, морам да ве предупредам, господин Андреј Жерновски се вика...

**Бесим Догани:** Јас реков Жерновски, да.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, нема лоши чувства, се повлече, одиме понатаму, повелете.

**Бесим Догани:** Се извинувам, јас мислам дека реков Жерновски (реакција од пратениците за зборот англеcки) Макрадули, ќе ти кажам зошто кажав англеcки, ќе тикажам, ќе ти дојде и тебе редот, не е проблем.

Како прво претседателе, сакам да кажам...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам за ред, навистина ве молам за ред, момент господине Догани нека се воспостави ред па пота ќе ги броиме вашите три минути, вклучете три минути за господинот Догани.

**Бесим Догани:** Претседателе, јас сум многу спокоен и не ми пречат колегите што довикуваат. Сакам само да укажам дека господинот Жерновски како го имаше најдолгото процедурално во историјата на Собранието од 10 минути. Сакам д аукажам дека господинот Жерновски иако се залага за ред, мир, култура и не знам што самиот по пет пати излегува на говорница знаејќи каков е редот за процедурално, дека некој може спокојно да чека за процедурално како што е редот (реакција од страна на пратениците) да, јас не го знам ти го знаеш Деловникот. Да. Сакаш монолог да правиме? Не е место за монолог. Сум барал процедурално, ќе чекаш. (Галама во салата).

Јас ја сфаќам нивната нервоза господине претседателе...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам тишина, пуштете го човекот да говори, пуштете го да говори, тој говори.

**Бесим Догани:** Претседателе, јас сум многу спокоен, ја разбирам нивната нервоза, воопшто не ми пречи, господинот Жерновски очигледно во потрага по политички поени ги искористи новинарите кои се во голем број горе, па излегуваше колку сакаше, што е непроцедурално.

По процедурата исто така сакам да сум на ваша одбрана, бидејќи нападите што ги упатија кон вас се сосема неделовнички, вие бевте во право, тоа го знае целата јавност. Дека сум во право укажува и самиот факт дека господинот Веле Митаноски е тука, жив и здрав, цел, не е ни во Берлин, не е никаде, самиот ќе се јави да каже. Значи, целата процедурална дискусија од страна на опозицијата се користи за политички маркетинг, за изнесување на тотално крајни невистини, а што се однесува до господинот Макрадули кој сеуште довикува од таму вие да ги дисциплинирате пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, нас или било кој друг, јас процедурално би побарал да дојде госпоѓа Шекеринска да го воспита него малку. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, мојот одговор е следниот.

(Господинот Жерновски го напушта своето место и оди кај господинот Догани).

Господине Жерновски, господине Жерновски,

господине Жерновски, ако сакате на место, ве молам, повелете ќе се договорите, ќе има пауза.

(Реакција од страна на пратениците).

Најубаво е на место да седат пратениците, ве молам, ве молам, имајте нерви, немаме причина за нервоза, се ќе се заврши.

Господине Догани вам ви одговарам, на вашата процедурална интервенција.

Прво, господинот Жерновски не говореше процедурално, јас два пати го прашав, тој два пати ми рече дека бара збор. Значи, не треба да се обвинува дека говорел процедурално, тој зема збор.

По однос на тоа дека во тој збор има се и забелешки од процедурален карактер, тоа е исто така точно, ама тоа на сите се провлекува.

Сакам само едно во овој момент, давајќи ви објаснување вам да потсетам дека оваа седица не е интерпелација на претседателот, интерпелација е на заменик министер, а вие не навлегувам во тоа дали имате или немате аргументација за интерпелацијата на министерот, се фаќате за аргументација против претседател. Тоа си има ред. Дадете уште една, две, три пет, колку ќе преживеат ќе видиме. Нема проблем, ама тогаш ќе дискутираме за тоа дали јас треба да си дадам оставка или не.

Според тоа дајте да не се случи како порано, како што се случувало многу често и за пратенички прашања и за сите седници кои се условно речено во полза на опозицијата, после да биде обвинуван претседавачот дека почнале во 16,00 часот. Па ќе почнат во 16 часот ако вака одиме во процедурални бајалдисувања. Тоа е сигурно.

Понатаму, сега е време за рундата реплики која ја ветив.

За реплики кои се да ги запишеме.

Веле Митаноски, Валентина Божиновска, Гариб Каба, Павле Трајанов.

Има ли уште за реплики?(Нема)

Одиме со рундата реплики.

Повелете господине Митаноски, имате збор, реплика, вашите три минути.

**Веле Митаноски:** Благодарам почитуван претседателе.

Прво, до вас една молба, оставете сами да се браниме и со пократки интервенции да ги објаснувате работите.

Второ, господине Жерновски јас нема да ви го згрешам презимето иако ако вака продолжите да се шетате низ клупите мислам дека ќе ни треба вокалот на еден славен ваш сличен во презимето за заладување овде. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, во презимињата да не навлегуваме господине Митаноски, ве молам.

**Веле Митаноски:** Јас би ве замолил господине Жерновски говорницата да ја користите за ритерштво а не за злоупотреба, за лага, за нешто што би било кога би било, за нешто што личи на Баба Ванѓа. Вие знаете дека вчера требаше оваа расправа да заврши и да гласаме и за ваша информација јас вчера не гласав да се прекине седницата.

Значи, ако сакате да гласате и да гласаме еве во овој момент ќе гласаме, повлечете ги сите дискусии па ќе видите како ќе гласа Веле Митаноски и пратеничката група на НСДП, бидејќи моето гласање нема да се издвојува од нашата пратеничка група. Вам ви е тоа многу добро познато.

Сакам на крајот да ве замолам, да размислите денеска од опозицијата патуваат луѓе и за Тирана. Не ги кажувам имињата за да не бидам груб и невоспитам како вас, но еве спречете ги нив да не патуваат, ако толку можете и ако толку се залагате за правда.

Значи, по сите основи вие направивте злоупотреба и ја излажавте македонската јавност.

Уште еднаш повторувам, вчера требаше да гласаме за ова и јас до последен момент се борев и гласав да гласаме. Нека ви служи на чест сето останато.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Митаноски.

Господине Жерновски имате ли вие контра реплика, повелете.

**Андреј Жерновски:** Очигледно господинот Митаноски воопшто не ме разбрал што сакам да кажам. Јас напротив кажав дека опозицијата е во неколку делегации со цел да не биде присутна во Собранието на Република Македонија. Ниту ве презвав вчера дали сте гласале итн.

Не знам каде ви го згрешив презимето, не знам со што јас бев невоспитан спрема вас, а дека сум живо заинтересиран како ќе гласате вие и НСДП, бидејќи воопшто не се јавувате за дискусија за една тема која што е срчеудирање на она што го направи господинот Рефет Елмази, држите прес конференции, а кога ќе дојде таа тема на дневен ред молчите два три дена овде како партија и вие ќе ми зборувате за морал во политика. Немојте да кажувате вицеви ве молам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика од три минути има госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитувани претставници на медиумите ве има во огромен број, добро е македонската јавност ова да го гледа што се случува на денешната утринска седница. Ја повикувам тоа добро да го забележи, бидејќи утре излегуваат и нови весници особено во делот на неделните весници. Се срамам од неколку причини.

Прво и најнапред се срамам од тоа што длабоко е подриена и подгонета и е поделена македонската позиција во Парламентот. Длабоко се поделени македонските партии во Парламентот. Се срамам од господинот Андреј Жерновски, што сам не се срами од тоа што неговите три сина, или четири деца за кои се покажал плеќес маж и ги дарил на Република Македонија не му срам што не му е гајле дека со овие шест снајнперски пушки и со шесте ракетни фрлачи РПГ, се срамнува Тетово и Скопје, се срамам што само еден албанец во Република Македонија, неговото име е Мендух Тачи, сеедно јас во животот два пати сум седнала да разговарам со него, се срамам што тој излезе и се извини на македонската јавност за конфликтот во 2001 година и сам рече дека ќе одгатне некои работи.

Се срамам од колумната на госпоѓа Теута Арифи и ја повикувам длабоко да се извини на македонската јавност. Како е можно да го повикува Амнести интернешенел да дава одредени сознанија и потоа да се кодоши во Американската амбасада и во Брисел за сите луѓе што биле врзани, петте во џамијата но не ги видела топовите, гранатите, ракетите итн. Што и се чинеше на госпоѓата Теута Арифи.

Кога го става кадифето госпоѓа Теута Арифи дали заминува во Бродец или доаѓа тука во Парламентот. Простете што не е тука. . .

(Претседателот Љубиша Георгиевски ја опоменува госпоѓа Валентина Божиновска)

Се срамам што сега пред пет минути ми се јавија луѓето од Македонска Каменица и прашуваат кој ќе одгатне за трупот во Вејце во 2001 година што остана изгорен и не се знае каде е.

(И понатаму претседателот Љубиша Георгиевски се обидува да ја прекине госпоѓа Валентина Божиновска)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, еден момент. Мислам дека не е доволно коректно да спомнуваме луѓе кои се отсутни воопшто. Значи, присутните нека се критикуваат, но добро помина.

Повелете господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитувана колешке,

Вие дадовте сега пример како треба човек сам од себе да се срами, од својот настап. Ми реплициравте на мене, ја искористивте репликата вие да ги искористите новинарите за да и реплицирате на колешката Теута Арифи.

Не знам мене што ми реплициравте. Немам четири деца за жал, имам само два сина сега за сега, а вашиот проблем е еден друг проблем госпоѓо колешке.

Вие имате така наречен комплекс на војводи. Еднаш ви беше војвода Љубчо Георгиевски, тогаш го напаѓавте Никола Груевски, после имавте нов војвода Никола Груевски и сега имате трет, најнов војвода, Мендух Тачи. За тоа јас не можам да ви помогнам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика три минути има господин Гариб Каба.

**Гариб Каба:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници мислам дека господинот Андреј Жерновски не говори овде пред руската Дума, туку говори пред Парламентот на Република Македонија. Не знам кој пат е по ред што ова лице, овој пратеник тн., интелектуалец излегува и со неговиот триумфален жаргон неколку пати повторува на говорница, не бира зборови, ниту начин како да се однесува со пратениците и со Парламентот во целост.

Јас би го замолил да биде повнимателен.

Ние сигурно се познаваме меѓу себе господине Андреј не само овие денови, туку доколку се навратиме во историјата, го знаеме и вашето потекло, ги знаеме и вашите дела од минатото. Вие освен раздор, освен дискриминација, освен пресија на другите и потценување на другите не познавате ништо друго. Ова ви било традиција како во семејството така продолжувате и во партијата да го практикувате истото. Јас мислам дека ова нема да ви трае долго и нема да можете да придобиете политички поени. Ова не е методата која што вие ја преферирате.

(Реакција на пратениците од опозицијата).

Вие да бидете повнимателен.

(Пратениците од опозицијата присутни во салата реагираат од место)

Јас мислам дека вие сте комунистичко тесто и останувате таков. Освен вашите диструктивни напори не познавате ништо друго. Ве молам, бидете внимателен, однесувајте се поубаво на оваа говорница и немој да продолжувате со раздор. Благодрам.

(Некои пратеници од опозицијата бараат збор процедурално)

**Љубиша Георгиевски:** Да одговори прво господинот Жерновски.

(И понатаму реакција на пратениците од опозицијата)

Јас го опоменав. . .

(Реакцијата на пратениците од опозицијата во салата и понатаму продолжува)

Прекин 15 минути.

(Пратениците на опозицијата бурно реагираат).

(Седницата прекина во 12,03 минути)

(По паузата седницата започна во 12,38 часот)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Дали некој од пријавените на дисплејот е за процедурално?

Три минути процедурално пратеник Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Еве и по продолжението, во салата нема атмосфера да се говори.

Јас ќе го повикам претседателот на Собранието или да си го завземе своето место горе, или да седне бидејќи овде веќе нема правила кои важат во секоја кафана, најмалку.

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги за внимание. Повелете.

**Игор Ивановски:** Потпретседателе, жалам што мојата процедурална забелешка што сакам да ја кажам нема да го има комплетниот ефект, бидејќи таа е насочена кон претседателот на Собранието, но тој очигледно одлучи да избега денес од оваа седница. Ја направи белјата по којзнае кој пат и сега едноставно ја напушти седницата.

Господине потрпетседателе, Љубиша Георгиевски во континуитет го крши Уставот и Деловникот на Република Македонија. Тој тоа го прави и со незакажувањето на седниците за интерпелација. Сега воведе и нов метод со прекинување и одлагање на седниците за интерпелација. Тој на тој начин не само што направи сериозен прекршок во политичка смисла, туку тој ја злоупотреби својата функција што има одлика и атрибут на институција претседател на Собрание на Република Македонија.

Нашето последно барање до него ќе биде тој во име на достоинството на ова Собрание, самиот да си поднесе оставка, бидејќи на тој начин ќе придонесе за враќање на минимум редот и достоинството на овој законодавен дом. Во Европската унија и НАТО се влегува ако си ги почитуваме сопствените институции и правила на игра. Не може да очекуваме некој друг да ги почитува надвор, а тоа да не го направи најповиканиот. Преседаните станаа пракса и едноставно Љубиша Гоергиевски нема ниту морален, ниту политички, ниту било каков кредибилитет понатаму да го води ова Собрание.

Јас сакам и добро е што го гледам претседателот на ДПА Мендух Тачи во оваа сала, да му честитам што тој вчера успеа да биде, по кој знае кој пат и претседател на Владата на Република Македонија и претседател на Собранието на Република Македонија. Слободно, после вчерашниот развој на настаните во ова Собрание, Љубиша Георгиевски има уште еден мотив да си поднесе оставка, бидејќи вчера претседател на Собранието беше Мендух Тачи, вчера премиер беше Мендух Тачи. Силвана Бонева може слободно да си ја остави својата функција во ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи координациите на вчерашното сценари ги направи претседателот на ДПА и јас за тоа сериозно му честитам. Од тие причини мислам, пред да продолжиме со оваа седница, ако сакаме да знаеме барем кое ќе биде новот сценарио, да го повикаме Мендух Тачи да ни даде објаснување, бидејќи дефинитивно тој ги поставува начините и работата на овој Парламент.

**Иван Анастасовски:** Благодарам. Тоа последното, нема потреба да го повикуваме господинот Мендух Тачи. Јас само ќе кажам дека моја деловничка обврска е да го заменам претседателот на Собранието, имал одредени обврски. Неговото право е, ако чувствува и нека поднесе оставка, бидејќи вие го повикавте

претседателот на Собранието. Во спротивно, втората варијанта е повторно да се поднесе интерпелација за работата на претседателот, што е легитимно право. И тоа е мој одговор, бидејќи претходно на сите ваши процедурални забелешки даде исцрпни одговори претседателот на Собранието.

Три минути процедурално за господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Ефектот од процедуралните забелешки ќе беше поинаков да беше главниот виновник овде во салата, тоа е повторно претседателот на Собранието, кој наместо да ја смири тензијата и да имаме релевентни информации, како што бараше пред два дена, што се случуваше во Бродец каде што имаше легитимно право министерот за внатрешни работи, во конкретниот случај заменик министерот, да не информира или да ја завршиме интерпелацијата онака како што бараше ЛДП со прекин веќе на оваа непродуктивна дискусија и со гласање, за да излеземе од оваа нова ситуација која се создаде во Парламентот. Ние, за жал, заради неговото неснаоѓање на функцијата претседател на Парламентот, правиме серија на грешки кои може да доведат до нов инцидент. Најголемиот инцидент и затоа сакав да протестирам, беше направен вчера кога не беше реагирано на, според мене, несмасната информација што ја даде заменик министерот за внатрешни работи, каде што за инцидентот во Бродец, покрај една опозициона партија, директно посочи дека потпретседателот на Србија е еден од оние кој е инволвиран во Бродец. Мораше да регира претседателот на Парламентот затоа што со тоа се прави ненадоместлива штета на угледот на Република Македонија. Значи, може да шпекулира некој од опозиционите пратеници дека поранешниот премиер Бучковски ја предводи гардата на Цар Лазар, можам и јас како пратеник да шпекулирам дека Ружди Матоши или поранешниот командат Лека нешто правата, но не смее заменик министерот за внатрешни работи да ја обвини соседна Србија дека ја дестабилизира Македонија. Тоа е голем гаф и ни прави сериозна штета. Затоа јас би апелирал веќе да нема дискусии, туку да ја завршиме овде, ако предлачот тоа го прифаќа, целата оваа дискусија, да гласаме за интерпелацијата и да се вратиме потоа на поголемиот проблем што го има Република Македонија, а тоа е начино на кој претседателот на Парламентот од седница во седница не втурнува во се поголема криза. За мене лично помала е штетата ако и понатаму продолжи расправата по другите точки, но да не претседава претседателот на Парламентот и да се обидеме да изградиме консензус, да му се заблагодариме, ако веќе не сака самиот да се повлече, тогаш вие и потпретседателот Догани уживате сеуште доверба, да можеме достоинствено да расправаме без навреди и без нови инциденти.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега Бучковски.

Јас го почитувам вашиот предлог да се заврши расправата и да преминеме на гласање, меѓутоа Деловникот кажува, се додека има пријавени на дисплејот, немаме можност. Тоа пак би било ствар на договор. Јас би сакал тоа да е така, пак би било ствар на договор, ако се договориме повеќе да нема пријавени на десплејот и веднаш да ја затвориме расправата и да преминеме на гласањето. Меѓутоа, за тоа сепак јас не одлучувам, на крајот одлучувате и вие и Собранието во целина.

Три минути процедурално пратеник Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, по повод расправата на денешната точка за интерпелацијата на министерот Елмази, атмосферата во овој Парламент е многу апсурдна и чудна, од аспект на она што го прави преседателот на Собранието Љубиша Гоергиевски. Од една страна ние денес разговараме за политичка одговорност на заменик министер, член на Влада кој физички нападнал пратеник, што го констатирала Анкетната комисија. Меѓутоа, од друга страна да биде апсурдот поголем, ни се случува еден претседател на Собрание, сега отсутен, физички не, меѓутоа буквално кажано ислегува и полошо од физички напад. Значи, дилемата што е потешко, физичкиот напад за кој разговараме за господинот Елмази, или насилието врз демократијата, врз Уставот, врз Деловникот, газењето и клоцањето на сите 120 пратеници. Што е потешко? Апсурдна е ситуацијата дека е нападнат еден пратеник и дека е нападната една цела институција до страна на претседателот на Собранието, сите 120 пратеници, Уставот и Деловникот. Буквално сите не гази и не клоца овде.

**Иван Анастасовски:** Колега, која е процедуралната забелешка и предлогот?

**Борис Кондарко:** Процедуралната забелешка е дека како пратеник на СДСМ, мислам дека е подобро за опозицијата, со оглед на глупостите што ги прави претседателот на Собранието, да остане да биде претседател на Собрание. Меѓутоа од аспект на државата, повисок државен интерес и како граѓанин така размислувам, подобро е да не е претседател на Собранието, Љубиша Георгиевски. Затоа му барам да си даде оставка, затоа што ги претера сите граници. Јас не знам има ли некоја сила или институција во оваа држава, да му се спротивстави на претседателот на Собранието заради тоа понижување што го прави пред цела македонска јавност, ако веќе тој самиот нема срам. Значи, мислам дека за претседателот на Собранието не треба нова Анкетна комисија. За него треба парламентарен суд и да му пресуди. Да живее 100 години, меѓутоа доживотно да му забрани да се занимава со политика.

**Иван Анастасовски:** Благодарам на забелешката.

Постои деловничка можност да му поднесете интерпелација, а дали ќе поднесе оставка тоа е негов личен чин.

Три минути процедурално за господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, апелирам во името на разумот и на смирувањето на страстите, како пратеничка група на СДСМ подготвени сме да ги повлечеме сите дискутанти што во овој момент се на дисплејот, во овој момент да направиме пауза од половина час и во 13,30 часот сме подготвени да гласаме за оваа интерпелација. Значи, го поддржувам предлогот што беше даден пред малку. Ние во овој момент сме подготвени да се прекине и да одиме на гласање.

**Иван Анастасовски:** Јас се извинувам, но вие и покрај процедуралното побаравте пауза од еден час.

**Јани Макрадули:** Ако се согласат другите.

**Иван Анастасовски:** Јас можам да објавам пауза од половина час и координација во Охридска сала, ако се договориме. Ако не се договориме и тоа е наше право.

Јас објавувам пауза половина час, по ваше барање и координација во Охридска сала.

(Реакција во салата)

Се извинувам колеги. Беше предлог. Јас овде не можам да правам договор со сите вас. Не можам овде да правам договор. Ако нема клима за такво нешто, продолжуваме со работа. Се откажувате од барањето за пауза. Така?

Ви благодарам. Значи, пауза нема.

Продолжуваме со работа.

Колега Матоши, вие баравте процедурално?

Значи, се откажувате.

Пред да ја направиме паузата, имаше реплики по однос на говорот на колегата Жерновски. Би сакал само да ја завршиме таа контра реплика која ја има по однос на репликата на господинот Каба и збор ќе добие заменик министерот за внатрешни работи.

Повелете господине Жерновски една минута контра реплика.

**Андреј Жерновски:** Господине Каба, јас во мојата политичка кариера сум се конфронтирал исклучиво со политичките ставови на моите политички противници. Никогаш, во ниту една прилика немам искажано навреда, клевета лична кон некој колега или кон неговото семејство и затоа најмалку што треба да направите во овој момент е да ми се извините за сите груби клевети и навреди што ги искажавте за мене лично и за моето семејство.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, господинот Елмази, повелете.

**Рефет Елмази:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Тоа што сега го кажуваше пратеникот, господинот Бучковски, дека вчера јас сум го спомнувам господинот Тадиќ, точно е дека го спомнував, заради тоа што сите вие се сеќавате, а и јавноста, дека од ОН тој лично даваше изјава дека во Македонија се движат вооружени луѓе кои имаат некоја намера. Сите го знаат тоа.

Нашите информации кажуваат дека имаше такви движења и во склоп на тоа поврзаност на сите криминални групи и екстремни групи кои беа во точките што вчера ги спомнував. Значи, имавме еден линк на поврзаност и на други држави. Значи, за мене лично таа поврзаност и нашите информации кажуваат дека таа поврзаност со кои луѓе е, го кажав и вчера.

Но, јас незнам зошто денес претседателот на Собранието го ставате на тапет и барате интерпелација кога јас сум на дневен ред.

Искрено ви кажувам и господинот Жерновски завчера кога рече дека е разочаран од мојот настап и мојот одговор тука. Мило ми е што беше разочаран заради тоа што ниту го имам за другар, ниту сме пријатели, и политички се разликуваме.

Што се однесува за таа политичка партија, мене ми е јасно. Јас имам завршено воена школа, дипломиран и специјализиран по неколку основи и знам доста другари и мои пријатели кои учествувале во минатото, па и во Бивша Југославија. Може да има реакции сега во тој однос, ги знаеме генералите кои учествуваа во борба и против Албанците и во Бивша Југославија и во тој расплет што беше во минатото. Тука имаме и претседател на партија, таков генерал кој беше во тоа време. Значи, поврзувањето на сите овие работи со Тадиќ, со некои проблеми што се јавуваат во последно време, што го кажав и вчера, со сила да не срушат од власт, со сила и со оружје, да се спречи нивниот расплет за независноста на Косово. Значи, сите тие елементи и аргументи што ви ги кажувам се поврзани и посебно и за нашата безбедност како држава. Нашето министерство преземаше такви акции каде се испреплетени и вмешани доста структури, доста елементи кои се и против нашата безбедност и против нашето уставно уредување. Вчера реков дека нашето Јавно обвинителство има покренато кривични пријави, категоризирани по овој основ. Значи, целта ни беше, можеби ќе ги разочарам овие од ЛДП, но мило ми е што тие се разочарани со моите одговори по однос на оваа работа.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Шест колеги пратеници се пријавија за реплика по однос на говорот на заменик министерот за внатрешни работи.

Прв за реплика е господин пратеник Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министре најпрвин да се разбереме, јас не ја спорам вашата квалификација, вие сте многу поквалификуван од министерот за внатрешни работи затоа давате многу повеќе информации, отколку таа.

На 9 септември и 25 октомври, таа даваше сосема поинакви информации од оние што вие вчера ги дадовте, а ги вративте временски. Рековте 28 дена сте документирале, сте следеле, сте знаеле што се случува во Шипковица, сте отварале магацини. Некој финансирал, друг носел паштети, трет не знам што правел, а овде бевме од истата оваа говорница, односно не излегла од говорница. Не знам што е хендикепот на министерот за внатрешни работи, седи на истото место каде што седите вие и упорно беше давана официјална информација дека имаме работа со дрвокрадци, со шверцери и со некои ситни криминалци. Ситни криминалци немаат... (се слуша дофрлање од место)

**Иван Анастасовски:** Колеги, ве молам да не дофрлувате.

**Владо Бучковски:** Не го сфатив злонамерно.

**Иван Анастасовски:** Не знам како вие го сфативте, но јас ги молам да не дофрлуваат.

**Владо Бучковски:** Значи, проблемот е што со вашите изјави од вчера имаме сосема поинаква ситуација во нашата држава, каде што индиректно, сега вие велите, индиректно се сомневате дека претседателот на Србија во средината на септември кажал нешто што можеби некој го знаел во разузнавачките структури, но го криел. Тој спомна дека имало и кампови за обука. Ако ги слушате оние од Бродец селаните велат дека некој се претставувал дека има некои тактички вежби и дека нешто се случува со знаење, според вчерашното ваше кажување, на власта.

Моето прашање беше, затоа што веќе ја продолжуваме расправата, дали само вие тоа го знаевте, дали го знаеше само тоа ДПА, или го знаеше министерот за внатрешни работи, но свесно ги криеше информациите. И свесно го бираше токму моментот кога требаше да се коментира извештајот, или да дојде амбасадорот на НАТО Нулан, па да биде операцијата. Или не успеала, како што велеше вчера Ружди Матоши, вашата добронамерна порака до некој, не знам како беше, Хабит, да се повлече и да не дојде до инцидентна ситуација, или потреба на робусни полициски сили, онакви какви што не посакуваше вашиот претседател, господинот Тачи. Бидејќи еден ден претходно тој рече, ние никогаш нема да ги употребиме специјалните полициски сили, нема да летаат хелихоптери, нема да има употреба на се што се случувало во минатото. Така што, вашата дискусија од вчера, но и вашето сега дополнување отвораат многу прашања, што можеби вие не сте подготвени. Вчера говоревте на отворена седница, можеби ќе треба пратениците да не запознаете за сето она, што на Советот за безбедност колку што знам единствено...

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика има заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Почитуван Бучковски, значи не се разликуваме ниту малку со министерката со информациите. Значи, вчерашната информација не е моја лична информација, туку тоа е информација од Министерството за внатрешни работи. Значи, од 9 септември кога кажа министерката до 7 ноември има два месеца. Значи, вие за тие два месеца, ние имаме сосема други активности преземени од сите овие што ги спомнав јас и денеска и вчера. Значи тоа било за два месеца. Кажав, колку оружје, од каде е донесено, која количина, кои видови на оружје. Значи опфатено е се. Тука не е спорно. Немам јас посебни информации како заменик, туку тоа вчера беше од МВР. Значи, вие се повикувате на изјавата на министерката на 9 септември.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

**Рефет Елмази:** Значи имавме сплет на околности од имање активности на теренот, успеавме да ги спречиме, со тие активности што ги изведовме на 7-ми.

**Иван Анастасовски:** Следен за реплика е потпретседателот Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Не знам зошто се чудите, можеби сте навикнале да ја злоупотребувате репликата, па затоа ви е чудно.

Јас сакам да кажам две работи. Сакам да го надополнам заменик министерот и да кажам дека ги знаеме врските на некои високи функционери со српски служби и тн. И нивната историја како генерали и нивните дејности, бидејќи имаше интерес од некои пратеници да ја имаме таа информација, но заменик министерот сака да го надополнам и во една друга работа. Тој многу јасно укажа на многу работи, но не кажа за најновата информација и тоа ќе ја кажам сега на албански. Најновата информација е дека вчера официјално излезе со информација Американскиот стејдепартмент, односно преку портпаролот господинот Тон Кејс, а се работи за последните настани во Македонија. Ќе го прочитам интегралниот текст од разговорот меѓу новинарот и господинот Том Кејс. САД ја гледа како успех операцијата во планинскиот предел од Тетово. Американскиот портпарол вчера се произнесе за прв пат околу настаните во селата во тетовско, нарекувајќи ја интервенцијата како успех на Министерството за внатрешни работи. И дека беше успешна операцијата на органите на МВР при примената на законот акција извршена од мултиетнички полициски сили. Таа акција се презеде против неколку криминални лица кои пред извесно време се дадоа во бегство од еден затвор во Косово, рече портпаролот Том Кејси.

Прашан од еден грчки новинар дали има врски со фундаментални исламски групи, како Алкаеда, портпаролот рече дека за ова нема информации.

Немаме никаква информација, може да се каже за овие настани, но го искажуваме нашето задоволство дека овие се приведени и им се одземени неколку материјали кои ги поседувале.

Ние ги охрабруваме органите на власта, со можност да ја вратат нормалната состојба во селото каде беа овие настани. Следното прашање од истиот новинар до портпаролот, како поддржувачи на независноста на Косово, дали од овие настани се загрижени по однос на ова прашање. Портпаролот одговори дека ставот на САД по однос на косовското прашање е познат и уште еднаш го искажа своето задоволство од спроведената акција и од тоа дека овие лица се отстранети, односно приведени.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Ако може дисплејот. Вие сте петти пријавен колега Матоши.

По редоследот на пријавените, три минути за реплика пратеник господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Да не заборавиме дека во овој момент е интерпелација која што е поднесена, затоа што заменикот министер за внатрешни работи нападна пратеник. Но добро е кога веќе се отвораат овие прашања, да поразговараме за неколку работи. Бидејќи ова што го кажа заменикот министер воопшто не е наивно и не треба да се соопштува како триумфализам дека некој наводно знае некои инфорамции, или дека доставува доверливи информации.

Бидејќи заменикот министер парафразирано кажа дека една соседна држава организира или е во дослух, или координира активности кои што имаат за цел дестабилизација, симнување од власт во Република Македонија.

Моето прашање господине заменик министер е дали е овој официјален став на Владата?

Моето прашање до ВМРО-ДПМНЕ, кое што во континуитет молчи два дена е дали господинот Груевски го дели овој став на заменикот министер. И бараме да излезе во јавноста и да рече дали е точно дека она што го говори заменикот министетр го мисли и тој и да го поткрепи со факти, или да го демантира. Бидејќи да обвините соседна држава дека се обидува да ви направи дестабилизација од позиција на заменик во Министерството за внатрешни работи, не е наивна работа. Ајде да видиме дали е тоа точно или не. Аргументирајте го. Ако е точно имаме сериозен проблем. Ако не е точно имаме уште поголем проблем, бидејќи господине заменик министер вие употребувате шпекулации во ситуација кога Македонија излегува со официјална позиција дека има добрососедски односи, дека стабилноста во регионот е на највисоко ниво и тоа во пресрет на очекување на покана за НАТО и конечно со години заради вас чеканиот датум за преговори.

Ако имате различни позиции со министерката, јас не верувам во она што вие го кажавте. Имаме дефинитивно проблем да не знаеме кој го води Министерството за внатрешни работи. Кој во тоа Министерство соопштува официјални ставови. До вчера беа шверцери и криминалци на цигари и магариња. Кога се случи акцијата стана терористичка организација, или група. Значи, за неколку дена различни констатации, за да вие денеска велите тоа го прави некој трет и тоа доаѓа како порака од претседател на соседна држава. Има апсолутен хаос во Министерството за внатрешни работи. Можеби, затоа што вие не можете да се усогласите, можеби затоа што со неа имате нарушена комуникација, не знам, но Македонија во ваква ситуација апсолутно, не може да си дозволи да има импровизација и вакво однесување. Ако сте знаеле 28 дена дека се припремаат тие таму, иако во ова Собрание се рече дури од вашите колеги се рече дека се таму повеќе од 4-5 месеци, зошто не интервениравте на време. Или се бараше тајмингот тоа да биде да се дефокусира негативниот извештај на Европската комисија.

На крајот, ве молам да се изјасните дали овој став е став на Никола Груевски. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Процедурално три минути пратеник господин Абдуладите Вејсели, повелете.

Да видиме во што е процедурата колега.

**Абдулади Вејсели:** Јас едно не сфаќам. Дали сте во длабока заблуда, или намерно така се однесувате во Собранието, во времето кога сите од нас и Европска унија и НАТО бараат усогласување околу некои делови. Зоти Игор Ивановски. Господине Игор Ивановски јас не знам дали ги следите последните настани. Сите ние знаеме дека Србија е многу ангажирана да ја дестабилизира Македонија, токму на прагот на осамостојувањето на Косово. Меѓутоа, вие знаете дека позади Србија стои и Русија. Јас знам дека во Македонија стоите вие во соработка со структурите на СДСМ, во сорботка со структурите на Србија за дестабилизација на Македонија, за оштетување на косовското прашање.

**Иван Анастасовски:** Тоа не е процедурална забелешка. Ве молам ова не е процедурална забелешка. Полека колеги, тука сум јас да го опоменам, ова не е процедурално. Ќе бидам принуден согласно Деловникот да ве отстранам од говорница. Ова не е процедурално. Апсолутно ова беше реплика на колегата Ивановски спрема заменикот. Ова јас го препознавам како реплика на колегата Ивановски.

**Абдулади Вејсели:** Ова е точно информација за пред јавноста.

**Иван Анастасовски:** Ќе земете збор и ќе дадете најточна информација пред јавноста.

**Абдулади Вејсели:** Се обраќам на пратеникот Пенов со една молба да ги ставите слушалките на уши.

**Иван Анастасовски:** Колега ве молам.

**Абдулади Вејсели:** Во интерес на надминувањето на состојбта која е создадена во Собранието и тоа го чека господинот Шема.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега, ова не е процедурално.

**Абдулади Вејсели:** Имам процедурално за ЛДП партија.

**Иван Анастасовски:** Земете си збор и ќе кажете и за ЛДП и за СДСМ. Не е проблем, ама ви истече времето. Кажете во 10 секунди по кој член.

**Абдулади Вејсели:** Во одреден член од Деловникот.

Господине Пенов...

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Немојте на господинот Пенов да му се обраќате.

**Абдулади Вејсели:** Не му се обраќам на господинот Пенов, туку на ЛДП.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Оставете ја ЛДП.

**Абдулади Вејсели:** Многу е битно за надминување на состојбата.

**Иван Анастасовски:** Јас сум тука да се надмине состојбата. Добра си е состојбата. Не се секирајте.

**Абдулади Вејсели:** Јас мислам дека ЛДП иако има...

**Иван Анастасовски:** Ви истече времето. Ви благодарам.

**Абдулади Вејсели:** Јас сакав да помогнам меѓутоа...

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам на помошта.

Колеги, ќе бидам приморан да дадам пауза, бидејќи ова не води никаде. Полека, не ви дадов збор.

Ако сакате да правиме повторно хаос во Собранието, тоа нема да го дозволам. Полека. Јас го опоменав, тоа е моја обврска. Обврзан сум кој има процедурално деловнички вендаш да му дадам. Ако вие тоа го баравте, јас не можев да ве спречам. Ќе ви дозволам. Ако не се држите, исто така ќе бидам принуден и вас да ве опоменам. Повелете, три минути колегата Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Господине потпретседателе јас излегов да реплицирам на заменикот министер, да барам тоа што го говори да го поткрепи со факти или да го демантира.

Затоа барам од вас, бидејќи на оваа говорница можеби не е случајно тоа што го прави ист пратеник, се користат обвинувања и се соопштуваат шпекулации, кои што согласно Уставот...

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

**Игор Ивановски:** Ако СДСМ е поврзана со тие структури и организира нешто, барам од вас да излезете со документи, ако има аргументи, има заменик министер, ако СДСМ, не може за лага да не се реагира. Има заменик министер, ако има докази нека апси. Ако не, нека не лаже и нека се извинат.

**Иван Анастасовски:** Слободно напуштете ја говорницата, слободно. Ви благодарам.

Јас го опоменав и претходниот колега. Го повикав и пријавен е заменикот за внатрешни работи. Продолжуваме, продолжуваме.

Повелете три минути пратеник господин Владо Бучковски. Ве молам да видам каде е процедурата. Повелете.

**Владо Бучковски:** Значи, потпретседателе, треба да се има голема умешност да се води седницата до крај. Затоа би ве замолил кога ќе бидат спомнати претставнци на други држави, кога ќе биде спомната Србија, Руската Федерација, на другата страна некој е се прави Американец, друг Русин, да ги прекинувате, да не даваат пратениците такви паушални оценки и да не се удираат во гради кој е проамериканец, кој е прорусин, кој е прокосовом кој е контра Косово, затоа што сето тоа дополнително го нарушува и така нарушениот углед на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам на забелешката. Јас тоа и го правев колега Бучковски. Полека, полека, продолжуваме.

Една минута вие бевте пријавени. Се откажувате. Го задржувате правото да земете збор, согласно договорот на координацијата вчера секогаш кога за тоа ќе посакате. Заменик министерот нема право на процедурално.

Продолжуваме со реплики. Вие сте петти, ќе ви дојде редот, седете си слободно. Ќе ви дојде редот.

Три минути реплика пратеник господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Пред да почнам со репликата, ве молам да ги задржите истите критериуми што ги наметна претседателот, да опоменувате секој што ќе седне на друго место. Господинот Тачи цело време седи на пурпурните седишта, кои што се за пратеници и не ми е замерката што седи таму, туку нека седне каде што му е овде местото.

Јас и ЛДП како иницијатори на оваа интерпелација цело време зборуваме за точката на дневен ред и ве замолувам да се вратиме на токата на дневниот ред.

Оттаму, господине заменик министер за внатрешни работи, нема да дозволам да ја изместите дискусијата од темата, туку ќе ве прашам по втор пат. Дали на 25 септември клоцнавте и физички нападнавте пратеник на Собранието на Република Македонија. Ве молам одговорете бидејќи ве прашувам по втор пат.

(Гласни реакции од повеќе пратеници, дофрлувања).

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

(Пратеникот Абдулади Вејсели бара збор процедурално).

Што барате вие?

Објавувам пауза од 20 минути.

Ви благодарам.

(Пауза од 13,19 до 13,53 часот)

Почитувани колеги, бидејќи уште пет минути има до редовната пауза за ручек, објавувам пауза за ручек до 15,00 часот.

(Пауза од 13,54 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,08 часот).

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

На ред за реплика е  господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Јас ќе имам една реплика кон заменик министерот за внатрешни работи, господинот Рефет Елмази и сакам да го дополнам тоа што го кажа тоа од говорницата заменикот министер. Но, пред да го направам ова, слушнавме и други реплики, сакам да се надоврзам на господинот Бучковски. Јас на правилен начин му велам да живее Америка, затоа што во најтешките позиции кога се наоѓаше Македонија токму Американците ни испратија 500 војници за да ја заштитат оваа држава и да негуваме една правилна демократија.

Додека на господиниот Рефет Елмази, во објаснувањата кои ги кажа во неговото излагање, навистина откри или ја расчисти супстанцата на оваа интерпелација, каде луѓе кои ја поднесоа оваа интерпелација имаат континуитет, континуитет низ кој сееле зли работи во Република Македонија. Токму господинот Рефет Елмази како прв функционер, највисок функционер во Министерството за внатрешни работи, именуван во историјата на оваа држава во 1998 година се соочи со овие нереди и со овие лица кои направиле и им направиле многу зло на Албанците и се уште го прават тоа, а се разбира сега со есенското сценарио кое го подготвија добро сакаат да направат едно големо зло, вградувајќи нестабилност и загрозувајќи го евроатлантскиот процес на целиот регион. Значи, овие лица кои ја поднесоа оваа интерпелација треба да се согласат дека на нашава земја и е местото во НАТО и ЕУ-структурите и никаде другo. И нема потреба да војуваме.

Јас лично сум бил во војна во Косово, имавме војска со многу генерали и лица од Србија кои вршеа насилство на Косово, но од вокабуларот на овие лица кои ја поднесоа оваа интерпелација се забележува дека и овие биле прусутни таму и ако сакаат можеме да одиме повторно. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Процедурално господинот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Благодарам.

Мислам дека денес имаме проблем, не успеваме да се договориме да зборуваме за дневниот ред.

Добро е што влегоа господата тука. Господине потпретседателе, мислам дека во текот на седницата имаше многу тенденции за навреди, нарекувањето на претседателот на ДПА за војвода го сметам за навреда на етнички план. Ако, ќе се согласам, ќе носам чин на војвода, но вие да се прашувате господа кои сте вие. Мали четничиња! И тоа со градација: водникот Манасијевски, четникот со малата кокарда на глава, стариот водник Рад-мила Шекеринска со кокардата на главата, стари водник прве класе Бранко Црвенковски со кокардата на шешир и стариот водник прве класе Глигоров со големата кокарда на Милошевиќ. Вие сте мали четничиња...

(Реагирање на повеќе пратеници од опозицијата со зборовите: “Нема да го прекинете?”)

Нема да ме прекине. Бидејќи јас сум војводата, вие сте четниците. За ова што го кажувам имате еден суд, во Хаг да одите кај Милошевиќ, кај вашиот газда. Тој е под земја, а Шешељ ви е жив. Таму кај Шешељ сите мали и големи четничиња по ред, до Бранко и Киро, Дража Михајловиќ (повторно реакција на пратеникот Игор Ивановски со зборовите: “Нема да го прекинете”) што во вашата историја убивавте Албанци, Бошњаци и Турци. Вие сте заклале над 50 илјади Босанци во Санџак 1943 година, господине млаѓи водник четник. Вие што не ја признавате револуционерната борба на вашиот народ, државниот празник, си се прашувате кои сте вие? Срам да ви е! Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Тачи.

Се согласувам со вас дека имаше навреди и ќе ве замолам од сега понатаму ако зборувате, да зборувате по темата, по интерпелацијата, ако не јас ќе бидам принуден да ве прекинувам или да ја прекинам  седницата.

Процедурално Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине потпретседателе,

Јас знам дека вие имате личен долг и партиски спрема вашиот претседател, ама кога Мендух Тачи говореше за крвави раце и кога не гледаше во својата пратеничка група пред некое време, не го прекинавте. Кога зборува за закони и за убиени, и за четници, не го прекинувате. Кога говори за измислени работи, полн со гнев и омраза, не го прекинувате.

Кога Валентина Божиновска од ВМРО-ДПМНЕ или НП, се едно, или независно ВМРО, го нарекува “војводата Тачи”, тогаш тоа е проблем за господинот и тој треба да изреагира со навреди спрема други држави и спрема луѓето што седат во овој дом. За тоа кој убивал, за тоа кој од Приштинскиот факултет, поранешен, комуницирал со некакви тајни служби, за тоа ќе побарате малку во архивите на ДПА, знаете вие многу добро.

Ама ќе ве предупредам господине потпретседател, падна секакво ниво, ова веќе не личи на ништо. И ве молам, ако имате и вие минимум еден процент грижа не за ДПА, не за ВМРО кое што го нема цел ден, за државата ова ќе го прекинете, кога ќе се случува по втор пат.

Ако не можете да го издржите притисокот на вашиот шеф, ве молам повлечете се, како што тоа треба да го направи Љубчо Георгиевски - се извинувам, можеби и не реков погрешно - Љубиша Георгиевски, како што тоа треба да го направат многу луѓе во оваа сала, но ова е последното предупредување, бидејќи вие кршите не конвенции, не здрав разум, кршите минимум нормална работа на најважниот законодавен дом. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Јас ве разбирам дека според вас сите ние сме виновни и треба цела коалиција да се разреши за да дојдете вие на власт, но за тоа има други процедури, јас не можам тоа да го направам.

Затоа, процедурално му давам збор на господинот Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседател.

Во име на парламентарната група на ДПА барам половина час пауза за консултации.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Матоши.

Објавувам пауза по барање на пратеничката група на ДПА.

(Пауза од 15,18 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,52 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Бидејки во салата ги гледам повеќето од координаторите, како што рекоа поголем број на пратеници очигледно е дека моментално како што течат работите нема услови за работа. Некои пратеници го спомнаа и државниот интерес. Па затоа во име на добрите односи во Собранието, во име на добробитта на државата многу искрено ги замолувам координаторите на пратеничките групи да дојдат во Охридската сала и овој пат сериозно да разговараме и да се договориме дали ќе продолжиме со работа, како ќе продолжиме и како да ги подобриме односите во Собранието на Република Македонија и односите воопшто.

Во име на координаторите на пратеничките групи ви благодарам што ќе учествувате во координацијата.

Процедурално пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, пратеничката група на СДСМ се обиде во 12,30 часот да апелира на поинаква атмосфера, да превладее здравиот разум овде во Собранието. Бевме спремни да се откажеме од сите дискусии и тоа го најавивме денеска. Ќе го почитуван она што го рековте за конечно сериозна дискусија, со што се надевам го потврдувате она што го зборуваме ние цело време, дека координациите водени од претседателот Љубиша Георгиевски ниту се сериозни, ниту се спроведуваат во дело. Ако ја водите вие координацијата, тогаш ние ќе донесеме одлука дали ќе учествуваме, или не. Тоа ме интересира да ни кажете во овој момент.

**Бесим Догани:** Во ред господине Макрадули. Координацијата ќе ја водам јас, ако така претпочитате, не е проблем, бидејки претседателот и така е зафатен со обврски. Тоа е прва работа. Втора работа, во текот на целиот ден од сите страни од пратеници слушав добронамерни зборови и добронамерни понуди, но тоа остана во рок на неформални разговори. Сега мислам дека е редот да водиме еден формален разговор и ако може да донесеме заклучок за понатамошната работа. И во име на тоа јас не сакам да завземам страни, туку сакам да водиме еден убав, мирен, спокоен разговор и да донесеме одлука како ќе продолжиме да работиме.

Ви благодарам.

Координацијата ќе се одржи во Охридска сала.

Во 16,20 часот ќе продолжиме со работа.

(Пауза од 15,57 часот).

(По паузата седницата продолжи во 16,33 часот).

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Уште еднаш ги молам пратениците да ги заземат своите места, бидејки сум должен да ви дадам информација за тоа што се договоривме на координацијата.

Почитувани дами и господа пратеници, мило ми е што доаѓам со добри вести од координацијата, а тоа е дека постигнавме договор да го заклучиме претресот денеска, со тоа што..

(Слободан Најдовски и Андреј Жерновски реагираат од место).

Ве молам господа, вие не бевте на координација, имате право да не го почитувате тоа. Во ред, ќе чекате деловнички ќе ви дојде ред да зборувате. Имено, во координацијата каде што беа присутни координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, на СДСМ, ДПА, ДУИ и НСДП се договоривме оваа седница да се оконча само со еден говорник, бидејки другите партии не беа заинтересирани да говорат по темата. А договорот беше господинот Џевад Адеми во име на пратеничката група на ДУИ да се обрати со петминутен говор и тоа говор кој ќе биде ансочен за интерпелацијата на заменик минситерот господинот Рефет Елмази. Тоа беше добрата вест.

Лошата вест е што координаторот на пратеничката група на ЛДП не учествуваше во координацијата и по нивните реакции тие не го прифаќаат резултатот од договорот на повеќето пратенички групи. Затоа во име на пратеничка група му давам збор само на координаторот на пратеничката група.

Процедурално, Слободан Најдовски во име на пратеничка група на ЛДП. Повелете.

**Слободан Најдовски:** Процедурално во мое лично име.

Господине потпретседателе, мојата интервенција е чисто процедурална. Денес со водењето на седницата и од ваша страна и од другиот потпретседател и од претседателот на Собранието наместо да се води расправа по точката која што е на дневен ред Интерпелација за заменик министерот, господин Рефет Елмази, се дозволи цел ден да се зборува за се друго, само не за Интерпелацијата. Ве моалм, до крај да се почитува Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Во Деловникот е децидно кажано, расправата трае се до оној момент додека има пријавено пратеници за дискусија. И никој не може да ја закочи расправата. И тука не може никаков договор да го надмине Деловникот. Утре сите 120 пратеници можеме да се договориме да го прекршиме Уставот. Значи ли тоа дека ние ќе го прекршиме и Уставот само заради тоа што 120 пратеници се договориле. Оваа држава почива на Устав, на закони, на процедури за работа. И вие не смеете без разлика дали биле од ДУИ, или од СДСМ и од НСДП и од ВМРО и од ДПА, дали сте се договориле. Ние имаме право да го изнесеме својот став по точката на дневен ред. Откога ќе констатирате дека е исцрпена расправата, дека нема пријавено повеќе пратеници за дискусии, тогаш можете да ја заклучите расправата и тогаш можете да ја ставите точката на дневен ред. Ако им е во интерес на дел од пратениците кои што два дена по оваа точка седат и молчат од владеачкото мнозинство. Да не се расправа повеќе по оваа точка, тоа можат да си го кажат како политички интерес, но да го крши Деловникот никој не може. Ќе ве замолам, никој нема право што ја избриша прво листата. Оние што си се откажаа, си се откажаа, тоа е нивно право на пратеници кои што си се откажаа од дискусија. Но, вие не можете да ме избришете мене од листата на говорници, заради тоа што вие така сакате. Деловникот е многу јасен. И ве молам да ме вратите за дискусија како што си бев уредно пријавен. И оние пратеници кои што сакаат да дискутираат ќе си останат на листа. Иние кои што не сакаат да дискутираат, тоа си е нивно право и никој не може да им го оспори. И затоа ве молам, да работиме според правилата, според Деловникот, според Уставот на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Вие ќе бидете вратен на листата, тоа не е никаков проблем. Јас координацијата ја свикав во име на сите координатори на пратенички групи, во име на, како што кажав и како што кажавте вие, во интерес на релаксирање на ситуацијата во Собранието, во име на државните интереси. Очигледно вие не сте заинтересирани ниту за едното, ниту за другото. Јас тука не можам да ви помогнам. Затоа не можам да го прекршам зборот даден од страна на поголем број претставници на пратениците во Собранието. Затоа најубаво, нема да го прекршувам Деловникот, туку ќе го искористам деловничкото право тука да ја прекинам седницата.

(Реакција од пратениците на СДСМ дека не може да се прекине седницата)

Господине Макрадули, ние се договоривме само еден да зборува. Па мене ми останува или да го прекршам Деловникот. Не беше тоа договорот.

Процедурално пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, драги колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Драги пријателе Догани, јас во принцип сум човек што почитува туѓо мислење и сакајки навистина да ја релаксираме состојбата коај што е тензична, меѓутоа не по моја вина и по вина на еден дел пратеници овде, можам да прифатам секакво решение и договор. Меѓутоа, ако договорот се однесува помеѓу сите нас. Јас не знам кој ви дава за право на вас лидерите или координаторите на четирите најголеми политички партии да одлучувате, дали Есад Рахиќ, или другите, или пет, шест нека бидат политички партии да одлучувате без наше присуство, без договор со нас да го менувате текот на седницата. Јас имав намера да дискутирам и можеби сакав да го пофалам заменик министерот за успешно завршената работа и можеби ќе го кажев мојот став зошто ќе гласам за, или против интерпелацијата. И од сега, па и понатаму, бидејќи ова не е прв пат да реагирам на начинот на кој што се координираме во Собранието, не само вие, вие сте можеби од сите најкоректни. Меѓутоа, сакам од сега па понатаму кога се договарате за тек на седница која што е закажана каде што јас сум се пријавил за дискусија да бидам информиран и да бидам викнат на координацијата. Затоа што со ова, како што го кажа и мојот колега Најдовски, дефинитивно го кршиме Уставот, Законот и позитивните законски прописи во Република Македонија. Затоа во интерес е на она што го реков, иако лично како човек, како пратеник не се согласувам за да се намали тензијата во Собранието, затоа што сметам дека Република Македонија и граѓаните на Република Македонија заслужуваат подобар Парламент од овој што сега го имаат каде што јас сум парламентарец. Ќе се откажам од дискусијата под еден услов, ако сите колеги се откажат. Ако им давате по пет минути на координаторите, или на една пратеничка група, тогаш ќе си го задржам и моето право и јас да дискутирам пет минути.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Сосема сте во право. Јас се извинувам во мое име што не стигнавме да се консултираме со вас, а тоа е поради тензичниот момент што настана. Се надевам дека при други координации ќе бидете редовно известени и вие и сите други пратеници кои не припаѓаат на пратеничка група за да го искористите вашето право за говор во Парламентот кое е ваше деловничко право.

Процедурално пратеникот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Благодарам потпретседателе.

Прво, да не манипулирате. Јас реков дека додека е Љубиша Георгиевски претседател на ова Собрание ЛДП нема да присуствува на координациите кои што тој ги организира, или кои што ги организираат луѓето кои што го заменуваат. Вие може да се договарате на кординација, меѓутоа вие не може да се договарате да се прекине точка без договор со оние кои што ја поднесоа интерпелацијата, или со подносителите. Така што секој договор е невалиден.

Почитуван господине потпретседателе, вие сте сведок дека во изминатите два дена договарав на координација како да оди текот, беше усвоен по наш предлог. Предложив седницата да трае до 24,00  часот, јас како предлагач и тоа беше прифатено. Зборувам за понделеникот. Преговарав во име на целата координација. Со господинот Рафис Алити се договоривме кога да заврши. Вие сте сведок, јас ги испочитував буквално сите точки од договорот и од записникот кој што го имаме потпишано, сите до еден. Вие го прекршивте договорот, вие сте тие што го прекршивте договорот. Така што, уште еднаш да ви кажам, да си правите договор без оној кој што ја поднел оваа интерпелација, тоа не важи. Јас знам дека оние кои што молчат три дена со наведнати глави пратениците од парламентарното мнозинство,односно од ВМРО-ДПМНЕ. Тие знам дека сакаат да се заврши веднаш седницата, затоа што сакаат ништо да не кажат. Тактиката е, ајде да помине што побрзо, бидејки ова не се брани. Не. И јас ќе ги повикувам до крај да го кажат ставот. И вашиот договор не може да функционира. А вие јавете се, не вака од место, јавете се да ве слушнам што мисли ВМРО-ДПМНЕ за инцидентот. Немојте да ме провоцирате.

**Бесим Догани:** Немојте да им се обраќате на пратениците.

**Андреј Жерновски**: Затоа што ме прекинуваат.

**Бесим Догани:** Како прво, немате право да им се обраќате на пратениците, затоа ве замолив да не им се обраќате. Второ, господинот Рахиќ рече дека ќе кажел позитивно, или негативно. Не е моја работа да ценам кој што ќе каже, не е моја работа да ги повикувам пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да дискутираат, или да не дискутираат. Тоа е прва работа. Втора работа, вие бевте регуларно поканети на координација во име на доброто на односите во Собранието на Република Македонија, во име на доброчовечки односи, добропартиски односи, во име на државата, во име на себе сте повикани. Не дојдовте. Зошто, не знам. Инаку, да ви кажам дека за валиден договор важи најновиот договор. Јас знам за илјада прекршувања на договори досега. Не реков од чија страна. Многу договори се неиспочитувани. Затоа направивме најнов договор надевајки се дека овој пат ќе се испочитува. Сега секој пат ќе испадне дека некој нема да дојде на координација и дека е сосема безполесно да се прават координации, или да се работи. Јас ова го предложив за доброто на целата процедура. Бевте поканети. Господинот Љубиша Георгиевски не дојде на координација за да се смират вашите страсти и желби. Господинот Љубиша Георгиевски ќе биде претседател на Собранието можеби уште еден ден, можеби уште три години. Дали тоа значи дкеа никогаш нема да учествувате во работата на координација. Ве молам, не се овие оправдувања.

Дали има уште некој за процедурално?

Дали некој од пријавените е за процедурално?

**Ружди Матоши:** Значи, во име на парламентарната група на Демократската партија на албанците барам половина час пауза и ја поканувам ЛДП господинот Манасиевски да дојде на координација за да се договориме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Матоши, вие го немате тоа право, бидејки еднаш го искористивте правото за барање на пауза. Но, бидејки господинот Манасиевски е пријавен за збор, а на координацијата се разбравме поинаку. Јас би замолил овој пат да дојде претставник од ЛДП на сегашната координација.

(Радмила Шекеринска, од место вели дека нема потреба за координација).

Има потреба за координација.

Ве молам, на кратка координација, координаторите на пратеничките групи во Охридска сала, само пет минути.

(Пауза од 16,50 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,32 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата продолжиме со работа.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да ги заземат своите места за да продолжиме со работа.

Дами и господа пратеници, бидејќи претставникот на Либеално демократската партија го задржа своето право да не дојде на координација и тука нема замерки, тоа е нивно право, сепак јас би ги замолил во духот на добрата соработка еден од пратениците на Либералдемократската партија да ни каже дали  може, дали се сложуваат како предлагачи да зборува еден од нив или сакаат сите да земаат збор, за да знаеме како да тече работата на Собрането.

Господине Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Ќе бидам конструктивен затоа што така настапував и кога барав да биде точката на прво место и кога дискутиравме како се одбива. Бидејќи нема договор,0 реков зошто да не навлегувам, ние баравме да се продолжи деловнички, а бидејќи неколку пати кажав дека во интерес на опозицијата во Република Македонија во интерес на ЛДП не е да се оддолговлекуваа точката туку напротив,ние сакаме да има гласање

да се види кој го поддржува и кој го осудува инцидентот. И поврзано со препораките од НАТО и Европската унија ние се обрзуваме дека нема да дискутиракме по неколку пати, ќе дискутираме само еднаш. Тоа значи дека ќе имаме минимум двајца пратеници, максимум тројца пратеници. Мислам дека ова е максимално консултирано. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Жерновски.

Сега вака да се разбереме. Бидејќи до крајот на работниот ден има само уште 25 минути, поголемиот дел од пратениците од координаторите на пратеничките групи, се сложуваат, се сложни да вечерва завршиме во разумен рок со гласање на крај, со тоа да остане господинот Џеват Адеми да земе збор. Еден претставник на ВМРО ДПМНЕ да земе процедурално кратко збор за да го кажат нивниот став.

(Пратеникот Јани Макрадули дофрла од место.)

Не, не сега ова е нов момент господине Макрадули.

Евентуално ако некој сака да го искаже својот став да го направиме тоа и во разумен рок да го завршиме во ред, да ја завршиме седницата.

Затоа, без да побарам некој од пратеничките групи да го направи тоа, јас барам поддршка од Собранието да работиме после работното време до завршување на дискусиите. Во ред.

(Предлогот на потпретседателот Догани доби подршка ос пратениците.)

Тогаш овој предлог го ставам на гласање, ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, сите 61 гласлаа за, констатирам дека предлогот е прифатен.

Пред да ви дадам збор, ќе ве замолам во духот, пак велам на разбирањето што го постигнавме, вашите дискусии да бидат деловнички т.е. да се стремени кон темата на денот, Интерпелација за работата на заменик министерот за внатрешни работи господинот Рефет Елмази.

Ви благодарам за разбирањето.

(Дофрлање од место дека сите се пријавени.)

Значи, сите сте на листа, добро тогаш ќе ги замолам службите, ако е запишана листата пред координацијата да се врати и тие господа кои се договорија да не се пријавуваат и да ги повлечат своите пријави, и да останат само тие кои имаат намера да дискутираат.

(Реакцоја од пратениците од опозицијата.)

Или господине Најдовски за да направиме губење на време екстра, вие сте тројца пратеници од Либералнодемократската партија така?

Дали се согласувате прво да му дадеме збор на господинот Адеми?

Процедурално Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, на кородинацијата во која учествуваше координаторот на пратеничката група ВМРО ДПМНЕ очекувам да пратениците кои што се во парламентарното мнозинство, а се дел од пратеничката група ВМРО ДПМНЕ за нив да важи обврската што ја превзеде координаторот дека нема да се јавуваат. Тука гледам двајца пријавени пратеници кои што се членови на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ кои што се на листингот и ве молам за информација дали тие двајца пратеници ќе останат на листата да дискутираат, односно дали координаторот на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ ја превзел обврската да се откажат онака како што беше најавено на координации. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Значи уште еднаш да потенцирам.

Ќе зборуваат господинот Џеват Адеми, господата од ЛДП, во ред. Господинот Влатко Ѓорчев од ВМРО ДПМНЕ како единствен што ќе го каже ставот на ВМРО ДПМНЕ и господинот Есад Рахиќ, бидејќи неколку пати сме му го одзеле правото на збор. Овие другите фактички нема да зборат.

Господине Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван потпртседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Дозволете ми како еден од потписниците и поднесувачите на интерпелацијата за заменик министерот за внатрешни работи да го изнесам своето мислење.

Мене ми е навистина искрено жал што и во текот на вчерашниот ден што и денес вака се одвиваше расправата, но воопшто не да бегам од некоја кривица, туку воопшто предлагачите за тоа не се виновни. Воопшто предлагачите не беа тие кои одолговлекуваа. Напротив, ние уште во понеделникот, по предлог на предлагачите на Либерално демократската партија ви предложивме да завршиме уште во понеделникот во 24,00 часот.

За жал, вчера се случи тоа што се случи и за тоа треба да си ја барате вината во вас, колеги од парламентарното мнозинство. Но, сепак, сакам да повикам и да кажам дека нам пратениците, треба ние внимателно да расправаме, со избрани зборови и да се обидеме да изнајдеме решение за проблемот што е за расправа.

Зтоа, ние од Либерално демократската партија и вчера и завчера и денеска зборуваме исклучиво за точката на дневен ред. Навистина ме загрижи тоа што вчера се случуваше во Собранието, но сега не би сакал да се повторувам и да укажам колку е жалосно менаџирањето на Собранието од страна на претседателот на Собранието. И, за жал, вчера се потврди и денеска исто така, дека Собранието го раководи некој надвор од овие простории. . .

**Бесим Догани:** Господине Најдовски, мислам дека беше доволно продедурално,ќе ве замолам, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Само една реченица да кажам.

Затоа, не ви забележувам вам колеги пратеници, му забележувам на оној кој го раководи ова Собрание од надвор, а тоа е премиерот Никола Груевски.

Кога ние од Либерално демократската партија ја поднесовме оваа интерпелација, тоа беше само два дена после настаните во Собранието од 25 мај и поврзано е директно со тие настани, немили настани што настанаа во Собранието. Интерпелацијата ја поднесовме пред Европската унија и НАТО да побараат од Република Македонија да се формира анкетна комисија и да се разрешат тие настани.

Инерпелацијата ја поднесовме се со цел да покажеме дека Република Македонија има институции кои самите можат да ги решат одредените проблеми. За жал, денеска, после 45-46 дена колку е од тие настани се покажа дека институциите што ги раководи владеачката гарнитура немаат капацитет да го разрешат тој проблем.

Само сакам да ве потсетам, премиерот на Владата на Република Македонија господинот Никола Груевски, тогаш вети, прочитајте ги неговите изјави, дека за четири дена ќе ја надмине и разреши ситуацијата. Денеска сме 14 ноември. Колку има 45-46 дена од тогаш, верувајте ми, ние ниту имавме ниту имаме ниту ќе имаме било каква намера да вжештуваме атмосфера. Но, истовремено ќе се спротивставиме на секој оној кој сака со демократски методи, ќе се спротивставиме да ја измести ситуацијата од вистинската расправа овде во Парламентот.

Затоа, ги отфрлам сите оние напади дека предлагачите имале злобна намера. Тоа е смешно. Ние немаме намера ниту да зборуваме за останатите професионални квалитети на заменик министерот господин Рефет Елмази. Интерпелацијата се однесува за конкретен случај, за случајот од 25 септември во Република Македонија. И, од нас пратениците се бара да потврдиме дали е точно тоа што се покажуваше, што на телевизија го виде целокупната македонска јавност или не е точно. Ако ние се затвориме овде и кажеме дека два милиони граѓани на Република Македонија ја видоа сликата што одеше на сите медиуми, а овде, дел од пратениците не ја виделе, тоа е лошо.

Ние сакавме, не е ова цинично што ќе го кажам, верувајте ми нај искрено сакавме да му помогнеме на премиерот Никола Груевски кој нема сила, кој нема моќ да го разреши овој проблем. Овој проблем му тежи. Тој нема сила, нема занење или не сака да го разреши овој проблем.

Со нашата интерпелација сакавме да му помогнеме на господинот Груевски. Но, очигледно тој не сака да го разреши овој проблем, очигледно тој не сака Македонија да ја види ниту во Европската унија ниту во НАТО. Тој, очигледно сака да го остави овој проблем нерешен. Сметам дека тоа не е добро.

Имаме проблем за конкретна ситуација. Сеуште сум убеден, решавањето на овој проблем е во рацете на премиерот. Немаше воопшто да ве доведе и вас, колеги пратеници од парламентарното мнозинство во ваква ситуација, во каква што сте овие три дена, да молчите, да не ги изнесувате своите ставови, ако тој навремено, во согласност со основните принципи на демократијата во било која земја го решеше овој проблем и тој, како претседател на Владата на Република Македонија, тој предложеше разрешување на господинот заменик министер.

Наспроти тоа, упорно премиерот молчи. Упорно премиерот не дава изјава. А се се рефлектира преку овие колоеги овде, пратеници кои се од владеачкото мнозинство. Кого вие ќе убедите дека ќе гласате по сопствена волја? Никого. Одлуката ја носи лидерот на вашата партија, одлуката ја носи премиерот Никола Груевски. Тој донел одлука вие да не ја поддржите интерпелацијата.

Воопшто немаме намера инерпелацијата, како што некој се обиде, да ја сведе на расправа на меѓуетничките односи. Тоа, во овој случај никој не може да го каже и ние како пратеничка група од ЛДП нема воопшто да навлегуваме, бидејќи се работи за еден случај.

Напротив, ние, со нашата интерпелација, сакаме да го заштитиме достоинството на Парламентот на Република Македонија. Ние сакаме да покажеме дека Република Македонија има институции кои имаат моќ сами да разрешуваат одредени проблеми, а не под притисок на било која меѓународна институција. Тогаш ќе го решите овој проблем, но тогаш ќе потврдите дека институцијата Парламент во Република Македонија го немала тој капацитет.

Затоа, очекував овие три дена за ова да проговорат и во одбрана на достоинството на овој Парламент да излезат поранешните претседатели на Парламентот на Република Македонија во различни мандати. Тоа го стори само господинот Никола Поповски. Зачуден сум што ниту господин Стојан Андов, ни господин Тито Петковски, како поранешни претседатели кои многу добро го воделе овој Парламент, за чиј мандат не се случиле било какви инциденти, сега не стануваат да го одбранат достоинството на Македонскиот парламент. Зачуден сум и од еден од поранешните претседатели на Собранието, госпоѓа Лилјана Поповска која три дена бега, кобајаги со некои делегации, за да не се изјасни како ќе гласа, за после да каже, да, јас бев така, ама ВМРО ДПМНЕ, како што правеше со другите кога беше во коалиција, да каже да, ВМРО ДПМНЕ се тие лошите, а таа сепак си останала добра. Не можеме на таков начин да одиме напред.

Што значи, денеска ќе преминеме на гласање. Но, сеуште се чека клучниот став. Клучниот став е на премиерот Никола Груевски. Сеуште се чека

неговото изјаснување што мисли за конкретниот случај.

На сите ни се полни устите со тоа дека ќе одијме во Европската унија, ќе одиме во НАТО. До сега, јас сум сведок на голем број декларации што сме ги донеле во ова Собрание, па наши изјаснувања како тоа ќе го оствариме, но тогаш, кога тие меѓународни институции ќе ни постават одредена задача, како што е конкретнио случај, за што имаме директно изјаснување за односот на заменик министерот за внатрешни работи, тогаш овој Парламент и другите институции ќе замолчат.

Дами и господо, не се оди во Европа ако утре донесеме одлука да формираме само национален совет за евроинтеграција. Тоа е кажување на приказни. Повторно, сите едногласно ќе бидеме за. И, сме направиле голема работа?! А, како ќе им одговориме веднаш, кога ќе го формираме тој национален совет за евроинтеграции, дека ние, во текот на понеделникот, од две забелешки што ги имаме од меѓународните институции, тоа е настаните во Парламентот и поврзано со оваа инерпелација е Судскиот совет, вие ќе гласавте да не одат, едната да биде многу назад на дневиот ред, другата денеска нема да ја поддржите. Со тоа ли ќе им кажеме денеска, оваа наша делегација што ја испративме во НАТО, од Парламентот, што да им каже таму кога ќе отиде во НАТО? Прво што ќе ги прашаат, што е со настаните од 25 септември? Конкретно имаме забележано во извештајот. Тие утре ќе им кажат синојќа, Македонскиот парламент одлучи да не ја поддржи интерпелацијата на заменик министерот за внатрешни работи господин Рефет Елмази. И, тоа ќе биде фалбата на нашата делегација.

Веќе не смееме на таков начин да ја закопуваме главата во песок и да замижуваме пред проблемите. Јас очекувам дека сепак инерпелацијата ќе помине. Со оглед на тоа што, според најавите од парламентарната група на НСДП имаше изјави дека ќе гласаат за оваа инерпелација, со оглед на тоа што мнозинството, односно парламентарната група на ВМРО ДПМНЕ молчи овие три дена, тоа е знак на одобрување на сето ова што ние го зборуваме, очекувам и тие да ја поддржат оваа интерпелација.

Жалосно ќе биде ако биде спротивно. Останува на нас да оцениме дали со поддршката на инерпелацијата ќе ја приближиме Република Македонија кон евроинтеграциите.

Останува на нас дали ќе гласаме за или против но, истовремено останува на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ на кои што навистина воопшто ништо не им забележувам, бидејќи како многупати досега во историјата одлуката не ја носат тие, одлуката ја носи нивниот лидер, нивниот претседател на партијата, претседателот на Владата на Република Македонија дека ќе се надминат себе си и дека ќе гласаат за оваа интерпелација. Ние со тоа гласање ќе оциниме колку ја приближуваме или ја оддалечуваме Република Македонија од евро интеграциите. Немојте утре на секој да му биде криво што погрешно гласал. Немојте како колеги пратеници да бидете слепи послушници на лидерот, на премиерот. Јас се надевам дека ова што сега го кажувам, нема погрешно никој да не разбере, напротив дека ќе биде разбрано во насока на разрешување на проблемот. Во спротивно ќе останеме само декларативно и ќе ја повторам онаа реченица, она што го виде цела Македонија што го направи заменик министерот, кој еве и два дена господинот Жерновски го прашуваше не му одговори, ние ќе се правиме дека не го видовме.

Завршувам со тоа дека ќе гласам за оваа интерпелација и ве повикувам останатите да не поддржите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Господинот Тито Петковски има реплика, повелете.

**Тито Петковски:** Сосема накусо, господине Најдовски ставот на пратеничката група на НСДП вие го кажавте сега од говорницата. Според тоа, познат ви е и вам, познат е и на македонската јавност. Се разликуваме само по однос на тоа како се сваќа улогата на Собранието. Ние во НСДП една година station наназад демострираме практично како го сваќаме Собранието. Како место каде што се усогласуваат ставовите и каде што се гласа за амандман. Не го сваќаме како за хај парк. Тоа постојано го повторуваме. Според тоа, нашиот став е сосема јасен, нашиот став е оној што го кажавме и нема потреба овде да се вклучуваме во дебата за која што сметаме дека е крајно непотребна и непродуктивна. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Петковски.

Господине Најдовски имате една минута контра реплика, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Петковски.

Токму и тоа го реков, јас очекувам дека согласно она што го имате изјавено дека ќе гласате за, но истовремено очекувам дека целата ваша пратеничка група, освен господин Веле Митаноски кој е на пат дека ќе биде тука за време на гласањето и го поддржувам вашиот став за се да се договараме конструктивно да разговараме во овој Парламент. Тоа, бидете убедени дека ЛДП досега во овој изминат период редовно и го правеше. Уште еднаш и завршувам со тоа, очекувам дека целата ваша пратеничка група ќе биде тука за време на гласањето. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Збор има господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер.

На сите нас устата ни е полна со демократија, меѓутоа кога се газат нашите права. Досега јубилејно по 756-ти пат големата група, уште поголемата партија на ЛДП ни влегуваат, иако ги замолив во дискусијата, затоа што во 18,00 часот имав состанок како претседател на Комисијата за контрола на разузнавачките служби со еден од Брисел. Имам намера многу кусо да кажам она што имам да го кажам, сметам дека оваа папајазанија мора да се заврши и искрено сметам дека парламентарното мнозинство згреши вчера кога ја постави точката за Бродец на дневен ред, а уште поголема грешка денес кога ја симна. Јас имав намера да дискутирам со почитуваниот заменик министер и да му кажам за некои одредени размислувања, да го упатам каде направиле грешка. Ќе кажам јавно и гласно, ќе гласам за интерпелацијата на заменик министерот, иако сметам дека оваа интерпелација е беспредметна со вешта манипулација на менаџментот на Собранието беше ставена пред Извештајот на Анкетната комисија. Сметам дека со Извештајот на Анкетната комисија можеби одговорноста за настаните што беа во Собранието, каде ќе се откриеше евентуална одговорност на господинот Елмази и на некои други, ќе беше многу појака одговорноста. Меѓутоа што е тука е.

Инаку, за самата акција, затоа и ми е криво што ќе спомнам, која што беше перфектно изведена, можам само да му честитам на заменик министерот и да му пожелам и натаму да ги врши овие работи како заменик министер доколку остане, на овој начин, со тоа што обвинувањата дека имало цивилни жртви или имало пречекорувања од страна на Министерството за внатрешни работи, постојат одредени органи кои што тоа ќе го утврдат.

Сакам да ве замолам како колеги пратеници да имате малку повеќе респект кон независните пратеници и кон малите политички партии. Затоа што, менаџирањето на Собранието и на државата од страна на четирите, пет или шест големи партии се покажа непродуктивно, да не речам кафеанско. Ќе ве замолам утре кога ќе разговарате за овој Совет за Европа или за многу совети и комисии, не им ги памтам веќе имињата, да погледате лево и десно дека нема самоумни глави во редовите на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, ДПА, НСДП и големата партија ЛДП, туку погледајте и кај другите, има луѓе кои можат да и помогнат на оваа држава. И, за да не заврши ова така, ќе ви поставам две прашања, почитуван господине заменик министер, на кои што не барам сега да ми дадете одговор, ќе имате време, претпоставувам ќе бидете уште заменик министер, можеби и министер, во времето кога ќе има пратенички прашања на кои што барам одговор.

Првото прашање е, бидејќи дел од тоа прашање го поставив на почитуваниот колега Бучковски. Она што министерката Јанкуловска не успеа да ни го одговори како шверцерите и шверцерските групи преку ноќ се претворија во терористички групи.

**Бесим Догани:** Господине Рахиќ, ве молам се договоривме да говориме околу темата.

**Есад Рахиќ:** Дозволете, јас бев вчера пријавен за Бродец, ова добронамерно, инаку јас кажав како ќе гласам.

**Бесим Догани:** Господине Рахиќ, ова е чиста злоупотреба на она што веќе се договоривме.

**Есад Рахиќ:** Мене ми ја злоупотребивте мојата положба на независен пратеник кога ја симнавте точката за Бродец од дневен ред. Јас немам право да прашам на пратенички прашања, затоа што треба вие со сиот почит и респект како чесен и коректен човек да ми дадете право во рамките на тоа да прашам, затоа што СДСМ нема да се смилува, немам право да кажам за расправа за Бродец, па каде можам јас да го кажам своето мислење.

Второто прашање во насока на ова, како заменик министер барам да утврдите кој ги дал снимките на една странска телевизија, каде што се вика дека 150 луѓе на чело со Лирим Јакупи Нацист биле во Бродец. Ве прашувам каде се другите 130 луѓе, каде е Лирим Нацист. Тука ќе завршам, се извинувам што злоупотебив, меѓутоа верувајте со вашите настапи како големи политички партии, почнувајќи од СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ЛДП и останатите, јас дефинитивно немам право да го кажам она што го мислам и што го чувствувам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахиќ.

Јас уште на почетокот реков дека ќе се погрижиме да добиете збор како и сите други пратеници.

Беџети Блерим се јави за реплика, повелете.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам господине потпретседател.

Дали една акција е успешна или не е успешна и да се честита за акцијата не е чесно и на крај граѓаните се малтретираат и да се жалат во институциите. Токму тука стои проблемот во малтретирање на граѓаните кои јавно се произнесуваат по медиумите дали тие лажат дека се малтретирани, како и верските објекти кои се изрешетани, дали се говори за успешна акција господине Рахиќ. Значи, никој во Република Македонија не вели да се приведат бараните лица. Наведовте дека акцијата е успешна и да ја споделите болката со грешките што ги направи Министерството за внатрешни работи и врз невините граѓани и верските објекти, тогаш коректноста би била на повисоко ниво.

**Бесим Догани:** Мојата забелешка беше, господине Рахиќ, бидејќи се отвораат вакви теми.

Повелете, една минута контра реплика.

**Есад Рахиќ:** Јас сочувствувам се се она што го чувствуваа граѓаните на Република Македонија особено оние граѓани од тој регион. Јас и реков дека му честитам во делот на полициската акција на господине Рефет како еден успешен министер

и тоа не можеме да го порекнеме. Има институции, а јас верувам во институциите во Република Македонија кои што ќе утврдат дали полицијата имала пречекорување, дали имало цивилни жртви и дали биле злоупотребени полициските овластувања во таа акција. Кога ќе излезат извештаите, тогаш можеме да разговараме за тоа. Сега, додека има извештај од полиција, јас верувам во полицијата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господинот Јован Манасијевски има збор, повелете.

**Јован Манасијевски:** Бидејќи, процедурално барав збор еднаш по интервенцијата на пратеникот Тачи, а не ми дозволивте, сакам да ви укажам уште еднаш дека ја злоупотребивте својата функција на претседавач со Собранието. И од моето искуство во ова Собрание, за жал тоа беше постигање на дното во современата собраниска расправа, барем во овој мандат, затоа што дозволивте Тачи, од функција на претседател ...

**Бесим Догани:** Ве молам, господине Манасијевски не ја разбуркувајте сега веќе постигнатата добра атмосвера.

**Јован Манасијевски:** Не може атмосверата да се постигнува со тоа што ќе му дозволите се на Тачи.

**Бесим Догани:** Не ви дадов процедурално, вие не баравте процедурално.

**Јован Манасијевски:** Ја барав процедурално, вие не ми дадовте процедурално.

**Бесим Догани:** Ве молам, барате збор и ако зборувате по темата добро, а ако не ќе ви одземам збор.

**Јован Манасијевски:** Ве молам, Деловникот практикувајте го прво на вашиот претседател Тачи.

**Бесим Догани:** Тоа право ми е дадено на мене како претседавач да знам кога треба да прекинам некој говорник.

**Јован Манасијевски:** Тоа право ви е дадено врз основа на Деловникот, а не врз ваша проценка.

**Бесим Догани:** Така и врз основа на гласовите на мнозинството и малку повеќе од мнозинството.

**Јован Манасијевски:** Овие три дена присуствуваме на еден жален трагичен обид вкупната македонска јавност да се направи слепа, да се направи недоветна дека тоа што кружеше на сите телевизиски снимки всушност не се случило. Дека дијалогот што се слушаше во камерите кои што го снимаа тој настан не се случил. И за жал, покрај тоа што тука има обид пратниците да се направат слепи и недоветни, целата двомилионска македонска јавност се прави слепа и недоветна. Затоа, угледот на овој Парламент е никаков, затоа што се обидуваме од тука, од оваа говорница, од оние што не избрале да ги застапуваме нивните интереси да им кажуваме дека тоа што го гледаат со свои очи не е така, дека тоа не се случило. Таква работа не може да појде. И, ако некој на сопствена одговорност сака да биде слеп и недоветен, некој друг не сака и не можете да му го одземето правото да говори за тоа врз основа на Деловникот и да укажува. Затоа што, ова што го кажуваме е во интерес на Република Македонија. Санкционирањето на овој инцидент е во интерес на Република Македонија. За жал, имаме обид за затворање на расправата. Најголемата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ воопшто досега не се јави за збор. Не знаат што да кажат. Поддржете го господинот Елмази, меѓутоа немате ни толку доблест да кажете тука пред македонската јавност ВМРО-ДПМНЕ смета дека тој инцидент не се случил, дека немало малтретирање и клоцање од страна на заменик министерот врз опозициски пратеник. Кажете го тоа или пак кажете имало, меѓутоа доблестите на Елмази се поголеми од инцидентот што го направи. Затоа, ние како ВМРО-ДПМНЕ ја преземаме одговорноста да направиме ваква проценка и да одлучиме дека доблестите на Елмази се позначајни од инцидентот што го направи. Може да избегате ден или два, ама не можете да избегате од соочувањето со граѓаните и на секои наредни избори ќе ве потсетуваме за ова дека за вас Елмази не застрашуваше, не навредуваше, вербално не малтретираше и на крај неколку пати не клоцнал опозиционен пратеник.

Го поздравувам ставот на НСДП, затоа што барем еден дел на владината коалиција има доблест да не се прави слеп и недоветен и соодветно на добрата практика, на фер односите да се реагира.

Оваа расправа претставува на некој начин уште еден пораз на она што Европската унија најчесто ни го забележува и НАТО, на непостоење на демократска зрелост и култура. Ве молам, кажете ми го кој парламент на земја членка на Европската унија и НАТО членка кога заменик минисер ќе нападне опозиционен пратеник и после 50-от ден откако се случил инцидентот ние сеуште расправаме дали тоа се случило или не. Секаде ќе следи пробна санкција, ќе му се остават неколку часа на тој што го направил инцидентот достоинствено да се повлече, да се извини и да се даде оставка. Ако не го направи тоа во првите неколку часа, реагира неговата партија, а ако не функционира и тоа реагира неговиот работодавец, премиерот на Република Македонија. Педесет дена поминаа од тој инцидент. Во сите извештаи на Европската унија и НАТО е наведен, а ние за срамота три дена расправаме тука, дали се случил или не.

Неколку пати го прашавме господинот Елмази зошто го нападнавте физички пратникот Положани, тој молчи, не одговара, говори за некои други работи. Прашањето е тоа и целата содржина на интерпелацијата заменик министре Елмази е тоа. Не се занимава со вашата работа како заменик министер, туку со вашиот инцидент

кој што беше снимен и емитуван најмалку сто пати на сите ТВ канали. Значи, држава која што сака да стане членка на НАТО и Европската унија нема да дозволи 50 дена по инцидентот да расправме дали тој воопшто се случил или не. за жал, заменик министерот Елмази немаше доблест да поднесе оставка, прво да се извини на пратеникот кој што беше негова жртва, а потоа се разбира и да поднесе оставка. Со тоа, заменик министре Елмази и нанесовте голема штета на Република Македонија и тоа се гледа јасно од сите извештаи што стигаат од меѓународните организации. Ја направивте, заменик министре Елмази, целата држава заложник на вашиот личен случај. Што толку ви значи заменик министерското место и зошто не се повлечете да ги искусите овие маки на вашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ и да и помогнете на својата држава. Вашиот чин да дадете оставка после инцидентот недвосмислено во многу ќе придонесеше за добрата слика на Република Македонија. Констатацијата и во НАТО и во Европската унија ќе беше во ред, се направи инцидент, меѓутоа има свест кај главните актери да ги поднесат консеквенците. Значи, функционира системот, фукционираат институциите и има демократска зрелост, има демократска култура. И, Република Македонија веројатно ќе излезеше и посилна после еден ваш таков гест. За жал, не го направивте тоа. Дали вие сами не сакавте, дали притисокот од вашата партија беше голем, тоа не знам, тоа веројатно еден ден и ќе се открие, меѓутоа целата држава ја направивте заложник на вашиот случај и целата држава ја направивте губитник.

Покрај нашата држава, најголеми губитници е премиерот Груевски, затоа што и покрај огромниот рејтинг и покрај огромниот авторитет што го ужива, тој за жал не успеа да разреши заменик министер за еден отворен јасен инцидент. И луѓето и гласачите на ВМРО-ДПМНЕ ми приоѓаат и ми велат да беше наш, во смисла ВМРО-вец или од НСДП веднаш ќе го разрешеа утредента. Што демонстрира ова? Дека премирот Груевски нема реална моќ на премиер врз целата Влада. И, тоа е еден жалосен факт, имајќи го предвид, како што кажав, неговиот висок рејтинг во јавноста. Јас тука при една пратеничко прашање, каде што експлицитно го прашав господинот Груевски што ќе преземе, тој ми одговори го чекаме извештајот на Анкетната комисија. Извештајот на Анкетната комисија е готов на 8 ноември, пред пет дена, потпишан од неговиот претседател Стојан Андов, печатиран со печат на Собранието, каде што во точка 5.1 стои “Заменик министерот за внатрешни работи Рефет Елмази е одговорен”. Еве господине Груевски тоа што го чекавте стигна и шест дена чека да го видите и да постапите по ова. Значи, господинот Груевски, како што кажав е најголемиот губитник и тоа јавно му го соопштив дека пикот негов во рејтингот и во популарноста е постигнат. Неговиот пад почнува од оној момент кога и после 50 дена не е спремен, не е способен да стави крај на однесувањето на својот заменик министер.

Многу перфидно коалицијата одигра со оваа точка. Се чекаше 45 дена, не се ставаше на дневен ред. Одеднаш таман што помина Извештајот на Европската комисија и инспекцијата на амбасадорот Њулан, точката веднаш, експресно се стави, дури со поддршка на партијата ДПА, на дневен ред на Собранието. Што значи тоа? Тоа значи дека сакате повторно трикови да им продавате на Европската унија и НАТО. Чекате да се објави Извештајот, чекате да направи инспекција Њулан, па потоа да го направите овој срамен чин, да кажете заменик министерот не е одговорен.

Значи, применувате трик решенија. Не сакавте ова да го направите на време, оваа расправа да ја имавме пред 20 дена, па Парламентот да одлучи не е одговорен заменик министерот, интерпелацијата е одбиена и тогаш ќе ви влезеше во Извештајот дека дефинитивно нема зрелост ни соодветна култура на нивото кое се очекува од нас.

Мислите дека играте тактички паметно, меѓутоа, многу луѓе од балканските простори мислеа дека можат тактички да ги играат Европската унија и НАТО. Не е така. Се се следи, се внимателно се пишува. Ова што го сметате дека тактички сте ги изиграле со поместување на интерпелацијата ќе ви се врати негативно, како бумеранг. Ако го направевте тоа пред 20 дена барем во тој негативен куп ќе ви влезеше и оваа негативна оценка. Сега, драги господа од владеачкото мнозинство, овој чин денес што нема да ја изгласате интерпелацијата на Елмази влегува во наредниот извештај, во Извештајот на Европската унија за Република Македонија 2008 година. Амбасадорот Фуере тука јасно кажа новиот извештај се пишува утредента по поднесувањето на претходниот. Значи, од 9-ти ноември. Вие токму на маестрален погрешен начин влегувате во тој нов извештај со една ваква одлука која ќе ја донесете.

Ако вака продолжиме, почитувани колеги, ние нема на што да се надеваме во наредниот извештај. Веќе првиот негативен поен, голем негативен поен е направен.

Кога говорев за премиерот Груевски како работодавец на Елмази дека од него очекувавме да преземе чекор, можеби ако не е подготвен на таков радикален чекор за него, инаку сосема разбирлив за било кој европски политичар, барем во свое име и во име на Владата да му се извини на пратеникот Положани. Едно, едноставно, човечко извинување. Многу ми е жал господине Положани што бевте предмет на такво малтретирање на скалите на Парламентот и тоа замислете каква дрскост, пред неколку телевизиски камери, што значи за починителот на тој чин воопшто ништо не значи присуството на медиумите. Тие не се стеснуваат. Значи, и пред медиумите мават, да покажат колку се силни.

Јас не знам господине Груевски со што ве уцени вашиот коалиционен партнер Тачи. Меѓутоа, навистина не можам да разберам зошто и 50-тиот ден и покрај експлицитните барања од НАТО изразени преку изјава на Шефер и покрај експлицитените барања од Европската унија изразени преку експлицитна изјава на Оли Рен и да не кажам колку изјави на портпаролот на Оли Рен, вие не сте способен да го преземете тој чекор. Која е уцената спрема вас? Интерпелацијата најавена за министерката Јанкуловска? Распадот на коалицијата? Излегувањето на ДПА од коалицијата?

Господинот секретар на ДПА Ружди Матоши беше многу експлицитен, не се трудеше дури ни да покаже едно ниво на софистицираност, туку отворено се закани случајно вие колеги од ВМРО-ДПМНЕ не ја утнете работата. Да знаете точно дека заканата спрема вас изречена од овој Парламент е сериозна. Знчи, дека ќе се распадне коалицијата.

Тоа ли е цената за толерирање на ваквото однесување на господинот Елмази? Многу скапа цена господине премиер Груевски и цена која вие најскапо ќе ја платите, се разбира, после Република Македонија и после штетата на државните интереси.

Господинот Елмази за кого дискутирале денес тука за еден многу конкретен чекор можеби да кажеше некој од вас од парламентарното мнозинство и би му простиле, би помислиле дека е тоа во афект, дека е резултат на големи меѓупартиски тензии и дека едноставно еден изолиран инцидент. Меѓутоа, почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ не е така. Господинот Елмази има историја на вакви настани. 200-та година Елмази беше исто така заменик министер во Владата на Георгиевски. Тогаш, добро се сеќавате, постоеше еден документ Бела книга на Партијата за демократски просперитет за инцидентите на локалните избори 2000-та година, еден документ од преку 100-тина страници поткрепен со докази, со изјави на претседатели на изборни комисии, на членови на изборни комисии, поткрепен со извештаи на луѓе посматрачи од ОБСЕ. Побарајте го тој извештај низ архивите, можеби пратеникот Вејсели се сеќава на тој извештај. Таму во тој извештај во Белата книга на ПДП за инцидентите на локалните избори главен архитект и главна личност, најмногу пати се појавува како име и презиме е Рефет Елмази 2000-та година - локални избори - Белата книга на ПДП. Ја има секаде, во библиотеките на НАТО, на ОБСЕ...

**Бесим Догани:** Господине Манасијевски фокусирајте се на темата, интерпелацијата не е за 2000-та година...

**Јован Манасијевски:** Ве молам, говорам на темата, интерпелацијата не е изолиран инцидент, туку е однесување во континуитет и токму тоа сакам да го кажам. Може да се повтори.

**Бесим Догани:** Тогаш друг пат поконцизно напишете го насловот на интерпелацијата, ве молам.

**Јован Манасијевски:** Господине Догани не ме прекинувајте, си ги поминувате своите овластувања, ги предупредувам пратениците дека ако не ја гласаат оваа интерпелација можноста Елмази да го повтори инцидентот е голема и тоа го аргументирам и ќе го докажам. Значи, тоа е 2000-та година.

2004-та година господинот Елмази во изборна единица на избирачко место во село Синичане заедно со кого друг ако не со господинот Ружди Матоши, влегуваат на гласачко место, кршат избирачка кутија вооружени. Како резултат на тоа се повикани од МВР на информативен разговор. Инцидент документиран во сите извештаи, можете да го прочитате во Извештајот на ОБСЕ.

Значи, после 2000-та година, во 2004 година пак Рефет Елмази главен актер. Кршење на избирачка кутија, влегување на избирачко место со оружје, документирано со полициски записник и со извештај од ОБСЕ.

Некако на секои 4 или 3 години господинот Елмази прави по еден инцидент кој е верифициран, го има во сите извештаи на ОБСЕ.

Моето барање од вас колеги пратеници од владеачкото мнозинство е дали ќе дозволиме врз основа на оваа непобитна аргументација дека имаме насилничко однесување во 2000-та, 2004-та, 2007-ма документирано низ официјални извештаи на официјални тела. Дали ние имаме одговорност да дозволиме ова дело да се повтори уште еднаш? Јас сметам дека немаме. Вие, се разбира, секој со вашиот личен однос кон ова прашање. Меѓутоа, да не биде дека не било кажано, да не биде дека не било предупредено, имаме историја на настани кои се документирани од најрелевантната институција - Организацијата за безбедност и соработка во Европа.

Дозволете ми за крај за сите оние што го бранат Елмази, добро е што го браните, имате право на тоа, меѓутоа, македонската јавност и меѓународната јавност слуша од кого се тие одбрани. Тие одбрани доаѓаат од господинот Тачи кој е сеуште на црната листа на САД...

**Бесим Догани:** Ве молам господине Манасијевски ова е трет пат (во исто време зборуваат и господинот Догани и господинот Манасијевски). Ве молам да му го одземете зборот на господинот Манасијевски. Ги молам службите да го прекинат господинот Манасијевски. Ги молам службите да го прекинат господинот Манасијевски поради непроцедурално однесување. Ви благодарам господине Манасијевски.

Господин Зоран Витанов се јави за реплика, повелете.

(Господинот Манасијевски зборува уште на говорница, но со исклучен микрофон).

Господинот Зоран Витанов има реплика, повелете.

Господине Манасијевски одземен ви е зборот, допуштете му на господинот Витанов да си земе збор.

Господине Манасијевски, ве молам, господине Витанов повелете, се извинувам поради однесувањето на господинот Манасијевски.

**Зоран Витанов:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Сакам сепак да му се обратам на господинот Јован Манасијевски, работата е сериозна, тој не е само обичен пратеник, туку е лидер на политичка партија која себе си сака да се нарекува за сериозна. Не е сеедно што тој од оваа говорница ќе каже иако гледам дека воопшто не го интересира ставот на народот, туку ставот на Меѓународната заедница, бидејќи тие луѓе што беа во Бродец на крајот на краиштата се заканувaa на обичните граѓани, а не на амбасадорите...

**Бесим Догани:** Ве молам господине Витанов да го оставиме Бродец, ве молам, ве молам.

**Зоран Витанов:** Колку и да имав двоумење господине Манасијевски како да се произнесам по однос на оваа интерпелација, после вашето излагање ми е сосема јасно како ќе гласам. Ќе кажам зошто.

Рековте дека, меѓу другото, се прават пратениците слепи и недоветни по однос на тоа што се случувало на тој критичен ден иако знаеме дека ваш коалиционен партнер започна со тепачка, така да кажам.

Сега, да ви кажам господине Манасијевски дека вие кога се повикувавте на такви извештаи дали сте си го прочитале господине Манасијевски вие како лидер на партија вашиот извештај до Конгресот на ЛДП за работењето на партијата во изминатите четири години каде го опфаќа и периодот 2001-ва година, па видете колку вие се правите слепи и недоветни каде цела 2001-ва година со сиот конфликт не е спомната ниту со еден збор, а не една реченица. Значи, за слепилото и недоветноста мислам дека најмалку сте вие повикани како лидер на таа партија која стана лидер токму на тој конгрес, да зборувате.

Понатаму велите дека Груевски како премиер нема реално моќ. Па, во ваша Влада каде вие бевте министер господине Манасијевски вашиот премиер мораше да си даде оставка затоа што не можевте да смените еден министер од истата партија која овде тепаше во Парламентот.

(Господинот Бучковски дофрлува од место).

Се извинувам господине Бучковски не упаѓајте, не се обраќам до вас, туку до новопечениот лидер...

**Бесим Догани:** Ве молам, продолжете госодине Витанов.

**Зоран Витанов:** Понатаму, господине Манасијевски велите дека Рефет Елмази кршел кутии.Па, четири години бевте на власт зошто не го уапсивте, а заборавате дека 500:0 во истото село каде го обвинувате дека кршел кутии, вашата опција господинот Бранко Црвенковски доби на претседателските избори.

Значи, крајно лицемерие, крајна непринципиелност која дефинитивно не убедува зошто интерпелација од вакви лицемерни луѓе и од вакква партија не треба да се прифати. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Витанов.

Контра реплика има господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

Жал ми е што господинот вечен претседател Љубисав Иванов Ѕинго не го кажа ставот на Социјалистичката партија, меѓутоа, добро е и ве упатувам овој ваш говор да им го повторите на вашите гласачи во вашата изборна единица во Струмица. Тие ќе бидат воодушевени што Рефет Елмази и понатаму ќе биде заменик министер. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Манасијевски.

Господине Жерновски, ве молам колеги, дали ќе говорите или сакате после како предлагач на интерпелацијата.

Има збор господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван потпретседателе, јас ќе го почитувам тоа што ве го кажавте. Вие кажавте дека е договорено да се искаже ставот на ВМРО-ДПМНЕ и јас го чекам тој став, па ќе го кажам нашиот став. Го чекам ставот на ВМРО-ДПМНЕ, ве молам направете го тоа што го кажавте дека е договорено на координација, бидејќи човекот што беше пријавен за да зборува, не знаеме дали е во салата или не е воопшто во зградава.

**Бесим Догани:** Ви благодарам, тоа е право на ВМРО, јас го дадов како опција, вие господине Жерновски може да го задржите правото како предлагач да зборувате последен, не е проблем, тоа е ваше право.

Повелете господине Џевад Адеми.

**Џевад Адеми:** Како последен?

**Бесим Догани:** Тој како предлагач има право да биде последен, да даде заклучок. Вие сте последен од говорниците пратеници, повелете.

**Џевад Адеми:** Ви благодарам господине потпретседател.

Велат случајот е крал на светот, нели, му благодарам на предлагачот на оваа интерпелација што денес да се говори и за грдата појава на физичкото напаѓање од страна на заменик министерот за внатрешни работи против еден пратеник. Замислете, почитувани граѓани, се напаѓа пратеник. Кому му е гајле за судбината на граѓанинот. Кој се грижи како што и нивниот шеф кој физички ги напаѓа пратениците, полицајците кои се истренирани, обучени за таа

работа, ги напаѓаат граѓаните, ги тепаат граѓаните и вршат насилие врз нивниот живот.

Благодарам за оваа можност што пред јавноста не само домашната, туку и меѓународната јавност да излезе на виделина грдотијата на ова парламентарно мнозинство.

Парламентарната група на ДУИ денес не го крена гласот, дали знаете зошто? Затоа што жалиме не за тоа што Рефет Елмази го клоцаше Азис Положани, целата јавност виде како Рефет Елмази го клоцаше Азис Положани. Тоа, за среќа, го констатира и Анкетната комисија која е оформена од овој Парламент и со претседател од ова парламентарно мнозинство. Меѓутоа, нашата парламентарна група не го крена гласот затоа што физичката болка која Азис Положани ја доживеа од клоцањето на Рефет Елмази не е ниту милионити дел од она што невините граѓани на Бродец го претрпеа од ...

**Бесим Догани:** Нели се договоривме за Бродец да не говориме.

**Џевад Адеми:** Ве молам, говорам за однесувањето на заменик министер за внатрешни работи. Работите се поврзани, нема да го спомнам Бродец, ќе го спомнам начинот на водењето на седницата за интерпелација. Со невидено арогантно однсување беше прекината седницата. Знаете зошто? Не затоа што некој беше загрижен јавноста уште еднаш да го дознае тоа што е јасно дека се случи на 7-ми, туку на пратениците од мнозинството кои се колебаат дали да се оградат од некултурното, недемократското, недржавничкото однесување на Рефет Елмази со евидентирање телеграфско, детално евидентирање “на успесите” на “големиот борец” во тепање на недолжни граѓани.

Каратистот Зоран Витанов...

**Бесим Догани:** Ве молам, немојте да им се обраќате на пратениците.

**Џеват Адеми:** Пратениците кои и јасно кажале дека ќе ја подржат иницијативата за интерпелација на заменик министерот не од чувство на солидарност на Азис Положани, туку од згрозеност од чинот на напад на заменик министер за внатрешни работи врз пратеник. Врз претставник на граѓанинот, врз преносител на суверенитетот. Маневарот со прекинување на седницата беше тие да се разубедат во таа граѓанска манифестација на спротиставување, еве ќе го кажам најблагото, недолично однесување. Знаете што, на нас од ДУИ, а убеден сум и на мнозинство на Албанците во Македонија, ама апсолутно не ни е важно дали ќе падне денеска Рефет Елмази. И да сум искрен посакуваме да не падне, затоа што му порачуваме на Никола Груевски какви партнери имаш не ти треба опозиција. Држи го, со среќа нека ти е, ама цената прво ти ќе ја платиш, после сите ние заедно. Што да ви кажам, заменик министер нема храброст да признае дека го удрил пратеникот и што да очекувам. Да признае дека при успешната акција за фаќање на криминалци, што е законска и уставна обврска на Министерството за внатрешни работи, настрадале и невини жртви.

**Бесим Догани**: Господине Адеми пак ќе ве замолам, излегувате од темата.

**Џеват Адеми:** Не, не апсолутно сакам да извлечам заклучок...

**Бесим Догани:** Не знам дали сте го читале насловот на интерпелација. Ве молам.

**Џеват Адеми:** Па, господо, целиот свет не гледа, не гледаат и нашите граѓани, не гледаат и нашите гласачи, но не гледаат и тие кои сакаат да сме дел од нив. Со ваквото однесување тешко дека ќе не примат. Тешко дека ќе не прифатат.

На крај, да довршам, истата реченица ќе ја кажам и на албански и на македонски. На нас Албанците често пати ни се случило тие што не ги сакаме, ајде да не кажам што ги мрзиме, другите да ни ги сакаат, нека ги сакаат, нека ги задржат, нека ги земат, со двете раце им ги даваме.

(Зборува на албански)

Не ретко пати во историјата на Албанците ни се случило за тие што им се потсмева народот не ги сакаме, а ги фалат другите. Нека им се со здравје. Ви благодарам и успеси во демократијата.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Адеми.

Господин Жерновски,

(Некои пратеници бараат збор процедурално)

нема за излагач како што се договоривме веќе. Господинот Жерновски како претставник на предлагачите, повелете.

**Андреј Жерновски:** Јас почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, го чекам ставот на ВМРО-ДПМНЕ кој што беше најавен меѓутоа јасно дека го чекаме, нема да го дочекаме. Се е кажано од страна на предлагачите, на крај само уште едно прашање трето по ред до вас почитуван господине заменик минстер за внатрешни работи.

Зошто на 25 септември го клоцнавте пратеникот наш колега во Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Жерновски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање ве известувам дека интерпелацијата се смета за прифатена ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број на пратеници.

Пред да поминеме на гласање ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата, да влезат во салата, истовремено ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Ги молам пратениците да ги заземат своите места и службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат приступтните пратеници во салата)

Бидејќи во салата се присутни над 80 пратеници преминуваме на гласање.

Интерпелацијата за работата на заменик министерот за внатрешни работи, господин Рефет Елмази ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Аплауз)

За интерпелацијата гласале 80 пратеници. Од нив 27 гласаа за, воздржани нема, против 53.

Констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работа на заменик министерот за внатрешни работи, господин Рефет Елмази.

Со тоа ја завршуваме седницата за интерпелацијата.

Утре во 11 часот продолжуваме со нова 80-та седница, а по нејзиното завршување продолжувме со 78-та седница.

Благодарам.

(Седницата прекина во 18,42 часот)